# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од петото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македнија одржана на 6 ноември 2001 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 12,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 86-та седница на Собранието на РМ.

Пратеникот Александар Гештаковски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на РМ.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманот IV на Уставот на РМ.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот IV на Уставот на РМ.

Пратеникот Саво Климовски поднесе амандман за бришење на амандманот IV по кој предлагачот не се произнел.

Пратениците Насер Зибери, Абдула Алиу, Абдурахман Алити, Мерсел Биљали, Азиз Положани, Исмет Рамадани, Оломан Сулејмани, Ризван Сулејмани, Сејфедин Харуни, Аслан Селмани и Абдуладиi Вејсели поднесоа амандман за менување на точка 1 по кое предлагачот не се произнел.

Пратеникот Мевљан Таири поднесе амандман на точка 1 по кое предлагачот не се произнел.

Пратениците Фадил Бајрами и Кастриот Хаџиреџа поднесоа амандман на точка 1 по кое предлагачот не се произнел.

Пратеникот Ѓорѓи Тодоров поднесе амандман за бришење на амандман IV по кое предлагачот не се произнел.

Пратеникот Горѓи Тодоров поднесе амандман за менување на точка 1 по кое предлагачот не се произнел.

Пратениците Рубенс Наумовски, Митко Тилевски и Илија Прангоски поднесоа амандман на точка 1 по кое предлагачот не се произнел.

Кон амандманот се приклучи и пратеникот Томислав Петровски.

Пратениците Ристо Спанаков, Наталија Марковиќ Димова, Павле Тодоровски и Чедо Петров поднесоа амандмани за менување на точка 1 по кое предлагачот не се произнел.

Пратеникот Јордан Бошков поднесе амандман за внесување на називот преамбула , пред точакта 1 и на точката 1 по кои предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот за бришење на текстот на предлогот на амандманот IV поднесен од пратеникот Саво Климовски и пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Го молам предлагачот да се произнесе.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Амандманите не се прифаќаат.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Г. претседателе, почитувани колеги,

Нашиот предлог е да се брише амандманот IV т.е. предлогот на амандманот на претседателот, односно амандманот IV да појасниме се однесува на преамбулата. Сметаме дека постоечката т.е. актуелната преамбула на Уставот на РМ воопшто не загрозува ничии права, туку само претставува детерминација на историски факти и нема правно дејство. Според тоа, незамисливо е како таа ги загрозува човековите права на кои често се повикува албанскиот политички блок. Очигледно претходната формулација на заедници во РМ и сегашната формулација на преамбулата со народи и делови од народи, се сака да се постигне нештс друго. Се бара конститутивност на албанскиот народ во РМ од што произлегува правото на самоопределување. Исто така, во претходната формулација каде имавме заедници, заедница која употребуа свој јазик, исто така е еквивалент на народ кој има право на самоопределување. Ако дело-ви од народ по меѓународно правната терминологија претставуваат малцинства, тогаш неминовно се поставува прашањето зошто така не е формулирано во овој предлог амандман, зошто не стојат малцинства, зошто треба да стојат делови од народ.

Морам да кажам дека и за мене лично и за нашата пратеничка група, верувам и за останатите пратеници, а и за целата јавност не видовме некаква гаранција во поглед на тоа дека залагањата на албанците во Македонија навистина се само човекови права. Ако се проаналзира документот на албанската академија на науки и уметности како и најмоќното албанско лоби во САД албанско америчката цивилна лига насекаде ќе ги најдете истите формулации: конститувност на албански-от народ во РМ, промена на концептот на државата и право на самоопределување. Македонската јавност досега не виде обид барем за гаранција од страна на албанскиот блок дека тоа не е така. Од тие причини предлагаме да остане постоечката

преамбула, актуелната преамбула во Уставот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г. претседателе,

Јас барав процедурално, имено според редот на нештата сметаме дека согласно Деловникот и процедурата потребна, прво треба да се одвива општа расправа за сите амандмани кои се предложени, па потоа да се вратиме за во амандманска расправа. Тоа е прво. Второ, сега ќе ви кажам нешто во однос на тоа што го знаете вие, а се однесува на политичкиот аспект. Многу е важно да се имплементира спогодбата, да не кажам витално е важно да се имплементира. Ако случајно овој амандман падне, а најверојатно и може да падне и ако не падне, не може ова однесување да се гледа како проста, или едноставно енумерација, како бројка, туку треба да се гледа како содржина, а содржината е тоа што вие сте го кажале на ПРЕС конференција и изјава за новинари дека треба секој амандман да добие најмалку двотретинско мнозинство сите пратеници албанци за да има легитимитет и легалитет. И затоа мислиме дека е потребно да се изнајде претходно заедничко решение за сите амандмани. Тие се два, или три амандмани кои се спорни. Со малку политичка волја мислам дека тоа е можно. За да не изгубиме време ние можеме да продолжиме со општа расправа по другите амандмани. Така и почнавме, ние почнавме со амандманот V и продолживме со амандманот IV. Сега можеме да продолжиме со амандман V и тн. Меѓутоа, да не направиме круцијална грешка која неможе да се поправи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Незнам што ви беше предлогот сега? Незнам што предлагате. Да продолжиме?

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Да продолжиме со општата расправа по другите амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Незнам дали тоа е можно. Може и така да правиме, само незнам до каде ќе не одведе. Тоа значи ќе се повтори целата расправа од вчера по секој амандман ќе се повтори целата расправа два дена што ја водевме вчера и минатиот пат кај секој амандман. Ништо не правиме, ништо не сме расчистиле со тоа.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

И така ние мора да отвориме општа расправа по секој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам пауза од 15 минути.

Ги повикувам координаторите да седнат овде со мене за да се договориме.

(по паузата со седницата продолжи да раководи Томислав Стојановски потпретседател на Собранието на РМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со утврдување на предлог на амандманот V на Уставот на РМ.

Отворам општ претрес.

Кој бара збор?

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Г. потпретседателе,

Јас незнам што се договорија координаторите, меѓутоа она што сакам да го искажам е дека таква деловничка можност ние како Собрание немаме, апсолутно немаме никаква. За тоа може да се консултира Деловникот. Веројатно се свени и предлагачите и Г. Мерсел Биљали целата пратеничка група на ПДП. Очигледно дека се прави политичка отстапка на пратениците од ПДП кои што во овој момент не сакаат да дискутираат за амандманот IV, односно за преамбулата. Инаку совршено добро и вие како правник знаете и сите останати овде дека ако почнуваме општа расправа се води поединечно по секој амандман. Неможеме да водиме општа расправа за сите заедно, заради тоа што секој амандман е дефакто еден нов закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова е така, меѓутоа имаме една полиберална работа, попрогресивно ако пратнеичките групи се договорат така да оди, може да продолжиме, да не правиме сега нов прекин, па да се предоговараат и ако рпетседателот тоа го договорил, јас немам овластување да го изменам. Меѓутоа, бегање нема од ова. Мора да се оди. Некој кој мисли дека ќе избега, тешко ќе биде.

Продолжуваме со работа.

Има збор Насер Зибери. Не е тука.

Има збор Александар Флоровски, не е тука.

Има збор Жарко Караџоски, не е тука

Говорам за амандманот V.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратнеици, почитувани претставници на претседателот,

Барам едно објаснување од претставниците на претседателот на државата во однос на амандманот V алинеја 3 став 3 од причина што пред мене го имам анексот А за Уставните промени кој во превод пишува: Кои било лични документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик, и продолжува понатаму. А во оригиналот пишува на англиски, што во превод колку сум консултирал добри познавачи на англискиот јазик добро е преведен во анексот А. А во амандманот што ни се нуди пишува: Личните документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик се издаваат на македонски јазик и неговото писмо, како и на

тој јазик и завршува ставот 3. Барам едно дообјаснување од претставниците на претседателот.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во разговорите околу терминолошките изедначувања од јазикот кој го користеа странските експерти на кој е една верзија од текстот напишан, дојдовме до ист став дека се мисли на личните документи на граѓаните, а не на сите возможни документи кои имаат официјалност. За тоа се расправа и тоа е регулирано. И околу тоа се согласивме. Затоа преводот е: лични документи на граѓаните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Дополнително прашање, сакам објаснување кои се тие лични документи што се подразбира со лични документи, а кои се тие било кои? Сакам објаснување за да одлучам како пратеник како ќе гласам за овој амандман.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Ние се разбравме меѓусебе без проблеми дека се работи за личните документи во кои се изразува директно идентитетот на граѓаните кои ги носат. Инаку официјалните документи, официјалност документи можат да имаат од различен степен дури сметките кои се наплатуваат по различни основи, даночните сметки и тие имаат некаква официјалност, тоа не се приватни документи, заради тоа за да не настане таква широка употреба на зборот официјалност прешироко употреба, или толкување на зборот се однесува на документите кои го изразуваат и во кои тој идентитет директно се содржи преку името, или ја изразува идентификацијата на личноста која го носи. Ние немавме спор дека на тоа мислиме во ниеден момент на расправата и околу тоа сметавме дека овој термин и тие се согласија со тоа е соодветен на тоа што сакавме заедно да го кажеме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес по амандманот V.

Во согласност до договорот одиме понатаму.

Дозволете, затоа што техниката на редење по правилото што го престави г-ѓа Марковска, меѓутоа сега правиме друг начин на работа и малку ќе сочекате.

Преминуваме на утврдување на предлогот на амандманот VI на Уставот на РМ.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и г-да пратеници, почитувани претставници на претседателот,

Во однос на амандманот VI кој што на некој начин прави обид да створи една поправична застапеност на сите етнички колективитети во РМ, односно да го елиминира тоа незадоволство кое што постои кај албанскиот, а претпоставувам и кај другите колективитети по однос на нивната застапеност во државните органи, институции и јавните претпријатија, сметам дека неможе да се даде некоја посериозна забелешка околу целата таа работа што се предвидува да се регулира со овој амандман. Но, јас се надевам дека во натамошниот тек на имплементација на договореното ќе најде соодветно место во другите закони кои што ги регулираат одредени области во кои што треба да се вметне оваа одредба. Исто така, би сакал да обрнам внимание на една друга работа која што исто така е важна според мене. Односно на некој начин би побарал објаснување за тоа дали овие одредби што се однесуваат во Уставот ги опфаќаат сите органи вклучително и локалните каде што мислам дека исто така треба да се обезбедат соодветни механизми на заштита како што се обезбедуваат на централно ниво. И на некој начин кои ќе бидат тие органи кои што ќе треба да го надгледуваат и спроведуваат истото и какво треба да биде темпото со кое што ке се одвива целата имплементација на оваа несомнено многу посакувана одредба од страна на етничките колективитети, пред се мислам на немакедонските. И се разбира тука би сакал да ми се објасни, со тие механизми дали предвидувате одреден временски период во кој што ќе се постигне, како што тоа имаме можност да го видиме тој тајминг по однос на составот на полицијата дека до 2003 год, или 2004 год, треба да се постигнеедна соодветна застапеност на албанците во составот на полицијата, кое е тоа време кое што предлагачите предвидуваат дека би можело да биде времето кое што ќе почне да се остварува оваа одредба, затоа што апсолутно не мислам дека така лесно и брзо ќе оди имплементацијата на оваа одредба.

И втората работа, до тие што учествувале во изготвувањето на овој текст, мислам дека и покрај тоа што претприемаштвото, бизнисот и слободното одлучување по однос на разните работи е нешто во што државата тешко може да навлезе. Но, исто така мислам дека голем дел од тоа што значи рамноправност по сите основи во државата неможе да се оствари без на некој начин да се рефлектира тоа и со посебна политика на државата по однос на вработувањата и во другите сектори.

Апсолутно не верувам дека државната администрација, и јавните претпријатија и сите тие установи кои се под капа на државата, ќе можат да ги абсорбираат сите потреби за регулирање на оваа сфера.

Исто така, треба да се размисли ако ништо друго, преку посебните закони кои ќе се

носат, да се даваат посебни поволности на тие кои ќе водат сметка за овој домен на рамноправноста.

Исто така, би сакал да истакнам уште едно прашање што сметам дека г-динот Поповски Владо добро ја знае, од нашите средби што сме ги имале со странските претставхници, во далечните 1991, 1992, 1993 и 1999-година. Имено, за една пракса во која се стимулира познавањето на ја-зико тна средината, или на другите јазици, освен својот мајчин јазик, или службениот јазик. Во таа смисла, исто така треба да се направи обид, државните службеници да се стимулираат за да можат да комуницираат со странките на јазиците на другите странки, освен на службениот јазик. Мислам дека овие прашања се важни работи кои се однесуваат токму на политиката на вработувањето на лицата кои имаат повеќе афинитет за задоволување на повеќе потреби на граѓаните кои би биле од различна етничка припадност. Ова пред се би важело за мешаните средини што би се однесувала таа политика.

Доколку можете да одговорите на овие прашања, мислам дека ќе ни ја олесните работата по однос на нашето одлучуваше, да гласаме за овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Љубомир Фрчковски, еден од помошниците односно советниците на претседателот, ополномоштени за оваа работа.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Прашањето има два нивоа.

Едно е Уставната материја, друго е политичкото ниво на решавање на тој проблем.

Јас би се задржал само на ова првото, бидејќи во уставните амандмани се предвидува подигање на уставните гаранции за оваа вредност, вредноста за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство. Тоа е ново ниво и нов квалитет во заштитата на оваа вредност и во промоција на таа вредност. Тоа е квалитативниот чекор, во таа смисла, напред.

Второто прашање се однесува на темпото на реализаицја. Тоа е надвор од уставната материја. Дел од тоа е решено во Рамковниот договор. Таму се предвидува за полицијата темпо на разрешување на оваа застапеност. Другата јавна администрација се остава на, првото ниво е законското ниво на оваа застапеност. Другата јавна администрација се остава на, првото ниво е законското ниво на регулирање на оваа вреднсот, прелевање во соодветните закони, закон за државна администрација, веројатно државна управа, службеници итн.

Второ, целиот комплекс на темпо, на следење на оваа содоветна и правична застапеност се решава со програма на Владата која ќе предвиди темпо на соодветно зголемување на бројот на застапеноста во дадени сектори каде таа е под нивото. Значи тоа е проблем на политикатг на политичкиот дилемизам и се решава со програма на Владата. Не е во таа смисла уставна материја.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор, г-ѓата Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници,

за мене не претставува според елемент воведувањето на еден ваков амандман, од причини што тој егзистираше во нашиот Устав. Можеби не во таква формулација, со мнозинско население или претставници на граганите кои не се мнозинство во РМ.

Малку изгледа спорно, веројатно Уставот на РМ ќе се разликува во другите устави, од уставите на други држави каде што во темелните вредности се вметнуваат, обично декларативни искази кои се воедначени и кои зборуваат за пристапот на демократијата и за се она што една држава може да го понуди како темелна вредност на нејзините демократски норми кои ги почитува и отелотворува во својот политички систем.

Внесувањето на еден ваков амандман во темелните вредности, сметам дека, можеби, претставува некаква гаранција. Меѓутоа, во целина не претставува, нешто кое, на сите оние кои го читаат нашиот Устав, ќе им понуди една визија за РМ, за нејзината демократска форма. Ако зборуваме за формата, а не и за суштината.

Според мене суштината на овој амандман е во ред. Меѓутоа проблем е нејзината застапеност во темелните вредности на Уставот, заради тоа што рпетставува предмет на законска опсервација. Сето ова може да се лоцира или во членот 95 од постоечкиот Устав што ја нотира работата на органите на државната управа, или пак би можело да се направи негова конкретизација во Законто за државните службеници. Тоа сигурно ќе се направи во предлог измените на овие законски норми. Меѓутоа, може би може да се постави како нов амандман кој ќе зборува за една уставна гаранција за застапеност на претставниците на граѓаните кои не се мнозинство во РМ, во посебен член, меѓутоа и не во член кој зборува за темелните вредности.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратнеици, почитувани претставници на претседателот на државата,

За амандманот VI, вака како што е поставен во Предлог амандманот што бара соодветна правична застапеност, ни отвара многу дилеми како таков како ќе се слее сето тоа во пракса, во законските одредиб. За мене навистина е проблематично размислувањето како тоа ќе изгледа, оваа декларативност, како ќе се преточи во актите на Владата и против законските

норми, во праксата, бидејќи имаме негативни примери во праксата, токму од вакви решенија какво што е ова. Јас ќе ви ги кажам тие негативни решенија и се надевам, бидјеќи сметам дека ќе помине амандманот затоа што на уставната комисија минал па може би и евентуално и тука ќе помине и сакам да укажам на некои негативни состојби кои даваат слични решенија во пракса.

Самиот чин на соодветна и правична застапеност не е врзан за лојалноста кон законите и кон државата РМ. Тука во праксата ни се покажуваат низа проблеми со ваквите решенија. Законските норми за сите граѓани во РМ, се ист. Меѓутоа, ние пред неколку месеци, сеуште беше г-динот Пауновски, министер за одбрана и има дадено еден одговор на пратеничко прашање на г-динот Амди Бајрам, за националната застапеност при служењето на војска во РМ, каде што албанците служат војска 17,8%. Веројатно тоа не одговара на нивниот број на РМ. Затоа навистина треба да се размислува тука и за тој аспект на соодветната заста-пеност, кога се зборува за заедниците, како да се создадат механизми во иднина и за соодветна застапеност, меѓутоа, и за соодветна застапеност и во однос на обврските и лојалноста кон државата. Слично нешто имаме со квотите на факултетите, едно парцијално решение кое исто така е еднонесреќно решение кое произведува низа процеси кои се неповолни, луѓе да се пријавуваат под различни националности, без да се од тие националности, само за да ги остварат во пракса своите намери во школувањето. Затоа сметам дека еден ваков амандман, може би е добар како декларативност, меѓутоа во праксата не сум сигурен дека ќе донесе соодветни решенија, ако нема вистинско разбирање од страна на органите.

За мене останува сеуште прашањето дали на еден ваков амандман му е местото во Уставот на РМ. Ако е како декларативност може би му е, меѓутоа, тој се пак остава многу отворени прашања кои може би пракста ќе ги покажа како позитивни или негативни. Јас сметам дека сепак не е совоетно, нема да бидат позитивни процесите што ги произ-ведува амандманот, туку имплементација на соодветна застапеност потребна е многу стручност и компетентност на луѓето кои ќе конкурираат, а тоа сепак ќе треба да биде остварено преку институциите на систмеот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор:

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

со овој амандман се има за цел да се предложи нова вредност, темелна вредност во Уставот на РМ, која многу работи ќе измени во негативна насока, поточно ќе се изгубат критериумите за вреднување.

Новата вредност е дефинирана како правична застапеност на заендиците во јавните органи на сите нивоа и во другите области од јавниот живот. Веројатно, се мисли на соодветна застапеност во сите институции.

Оваа материја нема никаква логика да биде уставна да се вметне во уставот и да важи како законитост. Секаде во светот се ценат критериумите, знаењето, а не дали припаѓа на оваа или на онаа политичка групација или е симпатизер на оваа или онаа политичка партија.

На овој предлог треба да му се посвети големо внимание, иако добивам впечаток дека многу бегло ќе поминеме. Според бројот на кандидатите кои се јавуваат, мој впечаток е дека ова што го кажав и ќе се оствари, а последиците ќе бидат многу опасни и кобни за македонската држава.

Ако ваквата определба биде усвоена како темелна вредност, во тој случај ќе се уништат сите вредности во државата и сите критериуми на кои се потпира секоја држава во светот. Во тој случај нема да постојат конкурси. За ниедно работно место нема да постојат конкурси. Таков случај, за жал и досега во Македонија функционираше. Праксата кажува дека од осамостојувањето на Македонија до денес, ретко дека може да се види конкурс. Сите вработувања се по партиска линија, и покрај тоа што не беше правило, или законитост вметната на Уставот. Замислете си сега кога ова ќе се озваничи во Уставот. Тоа ќе биде гаранција и право на секоја партија да бара што повеќе вработувања за своите подоб-ни пратнеици односно пратеници кои ќе имаат за цел што повеќе да и нашетат на Македонија, знаејќи го ставот на поедини партии, посебно на политичките албански партии кои се докажаа досега, дека работат против македонските државни интереси. Ќе се ценат пратнеици кои ќе и нанесат поголема штета на Македонија, тие ќе добиваат и повисоки функции.

Праксата покажа дека правило е досега и напишано правило ждека на правите места ќе дојдат погрешни луѓе, поточно луѓе кои не знаат да работат со проблематиката, или луѓе кои сакаат да и наштетат на дражвата. Ке имаме злоупотреба на функции, а злоупотребата на функциите знаеме каде ја води државата. Ние и сега ѓи имаме, а со самото озаконување тоа ќе биде многу подрастично бидјеќи ќе биде озаконето. Тогаш, ќе немаме право тие луѓе да ги земеме на одговорност.

За мене е несватлив овој амандман и нема да гласам за него. Чудно ми е како може во Уставот да се вметне ваква категорија за правична застапеност во јавните институции, без критериум и без конкурс да се вработуваат. Однапред сум убеден дека реултатите ќе бидат на штета на Македонија и опасни по опстојувањето на државата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и колеги пратениш

со овој амандман како што е даден, амандманот VI, правична и соодветна застапеност на граѓаните кои припагаат на сите заедници, во органите на државната власт и другите јавни институции, на сите нивоа, мислам, дека не не води кон интегрирање на сите граѓани во РМ, во правец на македонска нација, туку создава односно не води во спротиг на дезинтегративна насока каде и понатаму, во останатите структури на државата се оди на разбивање на македонската нација, на градење на неединство, недоверба и ред други работи.

Терминот правична застапеност што има филозовско не правно значење, мислам дека не му е местото во една уставна категорија. Затоа, соодветен термин кој има правилно значење е терминот соодветна застапеност.

Со овој амандман се откриваат маските и залагањата на припадниците на македонските албанци дека се борат за едно граѓанско општество на РМ, или уставните амандмани токму се за граѓански карактер, како што рекоа и за преамбулата, кога во нормативнот дел не се оди по истата линија на граѓански тип на измени во овие амандмани во Уставот на РМ. Значи, паднаа маските од преамбулата дека се оди на граѓански карактер, кмога во нормативнот дел и понатаму се бара вградување на такви термини каде не доага до израз граѓанинот како поединка, неговиот квали-тет, неговата стручна подготовка, знаење, туку се оди исклучиво преку некакви заедници т.е. колективитети. Мислам дека со ваквата формулација, со внесувањето на еден ваков амандман утре во пракса ќе имаме големи проблеми и недоразбирања што ќе биде генератор за нови барања, нови незадоволства, се во правец на дезинтегрирање, дробење на оваа македонска држава. Јас мислам дека ние македонските пратнеици, во овој момент, кога во овој парламент не има 95, треба да се свестиме дали треба да гласаме за една ваква измена на членот.

Јас не можам да ги сватам и господата, тн. Рентакар експерти, во чиј интерес тие работат. Против која држава работат. Не можам да сватам некои вакви толкувања од нивна страна, каде во 1991 година едно зборуваа за овој Устав, сега зборуваат друго. На наредните избори кога би добила ВМРО-Вистинска, јас кога би ги ангажирал да работат за оваа работа, мислам дека поинакво мислење ќе даваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Владо Поповски.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Нема аргументи да се напаѓа овој амандман од национална, националистичка или од која и да е основа. Станува збор за принцип на недискриминација или станува збор за принцип на еднакви шанси во јавната свера. Во се она што е држава и јавна установа и јавно претпријатие.

Нема никаква логика во тезата дека ако навистина профункционираат еднаквите шанси се нарушува граѓанскиот карактер на државата односно се воведува мултиетнички карактер на државата или на јавната свера. Нема никаква логика на пример во фактот доколку во јавната свера комплетно земена предвид, во државната управа во сите сегменти и во јавните установи и претпријатија и јавните институции доколку не учествуваат или доколку во огромен процент под пропорционално учествуваат граѓаните зависно од националноста дека во тој случај сме имале граѓанска држава, рамноправна, а уште повеќе и демократска. Спротивно, тогаш немаме граѓанска држава, немаме рамноправна држава и недемократска бидејќи не обезбедила фактички, независно на кој начин, на долг рок еднакви шанси и еднаква дистрибуција на граѓани независно од националната припадност. Имено, имаме точно состојба која што преферира национална припадност доколку немаме рамноправна или природна застапеност или учество при еднакви услови, се разбира потполно при еднакви услови што ги бара струката и интегритетот на самата служба, застапеност на граѓани независно од националната припадност. Имено, на овој начин, како што кажа и колегата Фрчковски само се зголемува уставното ниво на гаранција на она што е инаку универзален принцип, универзалниот принцип е принцип на недискриминација и еднакви шанси. Ќе ви споменам само еден документ во областа на правосудството а тоа е декларацијата на независното судство каде што стои еден од принципите дека судството треба да го одразува составот на населението, што значи дека никој на ниедно ниво, на меѓународно или национално ниво не дефинира декларации и проформа чисто заради некаков реторички украз, туку ги поставува и ги операционализира за да можат институциите да го одразуваат составот на населението. Дури тогаш кога јавната свера во Република Македонија навистина ќе создаде реално еднакви шанси за сите, а тоа значи кога и во општеството ќе се создадат такви реални шанси и кога горе - долу вработените, се разбира станува збор за сложен и подолг процес, ќе кажам малку подоцна зошто е тоа таков процес, се приближат до пропорциите на населението, тогаш ќе може да се каже:

Прво, дека постои рамноправност;

второ, дека постои недискриминација и

трето, ќе може да се каже дека државата е отворена на еднаков начин кон сите граѓани независно од нивната национална припадност, односно дека државата е на сите граѓани. Тогаш ќе се зголеми граѓанскиот карактер на државата и демократскиот карактер на таа држава.

Сакам да укажам на следното, бидејќи е важно да се укаже и заради

македонската јавност и кај македонците и кај албанците и кај сите.

Република Македонија откако се осамостои, од 1991 година не спроведува дискриминација по основа на национална припадност. Спротивно бројките од 1991 година и сега се многу различни. Еве во областа на образованието само да ви укажам. Опфатот на генерациите 1991 година меѓу осмолетка и средно образование кај македонската популација и кај македонците беше околу 97%. Кај албанската популација процентот беше околу 7% што знажи проодноста на генерациите во средното образование 93 минус, остануваше на тоа ниво, меѓутоа сега процентот на проодност меѓу осмолетка и средно образование е околу 60%. Знажи оваа држава има направено огромни чекори, вложено многу средства и обезбедено стекнување на образование од повисок степен со што ќе се овозможи конкуренција по критериумите што ги бара секоја служба за конкурирање во службите на јавната свера.

Поимот соодветно не значи пропорционално и не значи механички. Тоа не значи на овој начин уставно ако се дефинира дека Владата, утре и Парламентот ќе има задача за 6 месеци само по национален белег, не земајќи предвид диплома, стручност и она што интегритетот на службата го бара, па да се сместат во јавната свера пропорциите на населението. Тогаш 6и било она за што претходниот господин изрече доста критика. Тогаш неговата критика би можела да биде заснована.

Значи, станува збор за еден принцип кој што е неспорен по неговата вредност и значење и неговата функција, но станува збор за обврска на државните органи, на Владата во секој случај во смисла на позитивни чекори и активности со дополнителни вложувања за да се исполнат претпоставките на стручноста и компетентноста на обезбедување еднакви шанси во јавната свера за сите граѓани независно од нивната национална припадност. Во таа насока Уставот е нужното ниво, натаму остварувањето се остварува преку законската материја која што ќе ги допрецизира, во Рамковниот договор, бидејќи тој не тој непопуларен извор, меѓутоа кој што многу често се шпекулира и станува непопуларен поради шпекулациите, се укажува дека ваквата соодветна и правична застапеност секогаш ќе ја почитува стручноста и интегритетот на службата што се својствени за јавната администрација. Тоа значи не можете вие да вработите на место каде што се бара со средно образование без средно образование, на место каде што се бара со факултет да вработите без факултет само заради тоа што е припадник на една или друга националност. Значи, стручните елементи секогаш се претпоставуваат. Во таа смисла поимот "соодвет" но сосема одговара. Поимот "правично" не е филозофки поим, правниците знаат добро што подразбира поимот "правичност" во рамките на одредено правно правило. Во конкретен случај вие можете да имате лица кои што ги исполнуваат повеќе лица условите за едно место, тогаш ќе бидете правични - тој што подобро ги исполнува условите, а при еднакво исполнување на условите ќе ја испочитувате политиката на позитивни чекори за создавање поурамнотежен и поуедначен состав на службата заради проширените позитивни дејства на тој принцип. Затоа мислам дека со овој принцип не се руши Република Македонија, се стабилизира, се доживува многу пошироко како држава на сите граѓани. Ако навистина се постигне тоа ќе ја доживуваат сите граѓани како своја држава. Тоа е патот на стабилизацијата. Спротивното е пат на дестабилизација на Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Ѓорѓи Тодоров.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Објаснувањето од страна на професорот за мене претставува теоретско и демагошко неприфатливо, затоа што тој овде е платен да ни држи предавања, заборава дека не е овде факултет; дека е пред државна институција и дека не може овде да се теоретизира и парафризира. Овде бараме практични решенија со кои утре во пракса ќе немаме одредени проблеми. Тие теоретизирања се за некои семинари.

Доколку подразбира под "соодветна" она што го кажа зошто во овој предлог амандман господине не бидете прецизни и децидни и да кажете дека врз основа на стручност и компетентност утврдена врз основа на јавен оглас односно конкурс, зошто тоа да не биде вметнато во овој амандман, за да нема забуни и да не може секој овој амандман да го толкува онака како што ќе го сфаќа за свои потреби и цели. Никаде во ниедна држава нема позитивна дискриминација колку тоа што го направивте во Република Македонија. Запамтете позитивна дискриминација. Припадниците на националните малцинства можат со покажан успех од 62 бода да се запишат на било кој факултет а македонците со 62 бода да паѓаат. Каква е таа дискриминација. Кога би бил обратен случај, во оваа држава кога би имале 68% албанци, 23% македонци ќе ве запрашам тогаш дали ќе имате позитивна дискриминација или ќе имате класична дискриминација за намалување на тој процент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор?

Има збор пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници,

Уште во текот на вчерашниот ден загатнав едно прашање за кое денес е згодна прилика по овој амандман што сака да скренам

внимание и би ве замолил да ме сватите сосема правилно.

Мислам дека кога станува збор за измени и дополнување на Уставот на Република Македонија секој збор што се става во било кој контекст има одредено значење и не треба да има било каква двосмисленост или тумачење од било кој друг читател на Уставот да може да го тумачи на свој начин. Мислам дека при овие измени на Уставот на Република Македонија, вклучувајќи ја тука и преамбулата, вклучувајќи го тука и овој амандман има зборови кои апсолутно мислам дека треба да бидат избришани и треба да бидат пронајдени соодветни зборови кои ќе немаат поинакво тумачење.

Во суштина "правично" може да значи и според толкувањето на господинот Поповски во клад со правните норми или со законските прописи на Република Македонија, но тоа правично апсолутно не алудира на тој дел што се однесува на самиот контекст на реченицата. Или, имаме една диспропорција. Ако во преамбулата зборуваме за дел од тој и тој народ кој е во Република Македонија сега зборуваме за заедници. Дали, да речеме во одреден учебник каде што еве господата доктори на науки, правници, зборуваат за некои права на малцинствата ги употребуваат термините "заедница", или "малцинства". Тука треба навистина во поглед со меѓународното јавно право, во сите овие конвенции таа терминологија треба да биде до крај изедначена и уточнета. Тоа е мојата единствена заложба и да нема двосмислено значење или двосмислено тумачење. Да не го враќаме повторно комунистичкиот клуч, ако тогаш беше по клуч сега да кажеме "правична застапеност на заедниците". Има доволно македонскиот јазик зборови кои можат да се најдат и не би ми претставувало мене, ни на било кој овде во Собранието на Република Македонија да ги отфрлиме таквите зборови.

Или, ако сакате, еве за преамбулата. Не чисто од јазички карактер, зборот "бошњаци". Тоа и во самиот јазик кај босанците, не постои зборот бошњак. Таа е Босна, тие се босанци. Дали станува збор за бошњаци муслимани, хрвати, католици или православни срби? Правиме една лоша работа што не треба да ја внесеме во Уставот на Република Македонија при овие измени. јас само на тоа инсистирам и треба многу многу да внимаваме бидејќи станува збор за многу паметни луѓе, за интелектуалци, за луѓе кои се сега и советници тука од страна на претседателот плус тоа и во областа на правото не смееме да си допуштиме да влезат такви зборови или реченици кои немаат никаква врска со стварноста и да имаат дводимензионално или тродимензионално значење во самиот Устав.

Ве молам, ова е моја лична заложба, не знам дали ќе ме разберете во права смисла и би сакал тука една интервенција. Сега да не зборувам за други зборови, но кога ќе дојдат поединечно сите амадмани посебно ќе инсистирам на тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, кој се јавува за збор процедурално? (Никој).

Има збор пратеникот Чедо Петров.

Се извинувам, процедурално за збор се јавува Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Пратеникот Ѓорѓи Котевски зборувајќи сега пред нас парламентарниците, а поради тоа што е македонист. Не го почитува законот за македонскиот јазик рече "тумачење". Не е "тумачење" туку "толкување".

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван колега Аслан Селмани, не те жалам што не знаеш. Ти си од друго говорно јазично подрачје, албанскиот јазик ти е мајчин јазик. Ако сакаш на таа тема да се натпреваруваме повели на друго место. Овде јас зборувам за нешто што е суштински и што навистина овие луѓе кои седат овде, кои напишале некои книги од таа област добро знаат за што јас зборувам. А дали е "толкувач" или "тумач" ќе се разбереме надвор.

(Господинот Аслан Селмани бара збор за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Селмани, ве молам, ова е непродукција. Немате потреба, дозволете, ниту е процедура, ниту е ништо.

Чедо Петров, повелете.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

По однос на овој предложен амандман сакам да истакнам дека Нова демократија за цело време се залага за градење на еден граѓански концепт на Уставот на Република Македонија и при изјаснувањето за уставни промени јас како Чедо Петров гласав за уставни промени, меѓутоа, сериозни забелешки на амандманите поднесени од предлагачот, господинот претседателот БорисТрајковски.

Што се однесува до овој амандман сакам да кажам и да верувам дека предлагачот има чесна намера и нам навистина не ни смета при вработување да имаме сите граѓани на Република Македонија во кои што влегуваат и делот на албанскиот народ кој што живее во Република Македонија делот роми и сите останати малцинства. Навистина намерата доколку е чесна, искажана ние ја поддржуваме. Меѓутоа, знаејќи од претходниот период и знаејќи го сегашниот период кога имаме вработување најнапред во минатото по клуч, по национален клуч, сега по партиски клуч, навистина треба да се бориме овие аномалии, недостатоци да се искоренат, а со сопствен амандман Нова демократија предлага да се вгради при вработувањето или при именувањето на одредени места да се оди одлучувачко да биде стручноста и

компетентноста а не националната припадност на кандидатот за вработување.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Чедо.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали се јавувате по втор пат господине Стојменов?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, дискусијата по овој амандман не увери во дилемата, која што пред да почнеме со денешната расправа и дилемата околу паузата дали работиме правилно или не и со сета сила се покажа токму на овој амандман.

Имено, ние со дискусиите и расправата за преамбулата односно амандманот број IV, не расчистивме на почетокот со терминологијата, која ке го следи Уставот и веќе во амандманот VI се судруваме со таа терминологија. Навистина, во овој момент кога не е јасно со која терминологија ќе одиме во преамбулата, ние веќе во амднамнот VI треба да усвоиме терминологија на "сите заедници", која терминологија можеби повеќе корелираше со претходно предложениот амандман од страна на претседателот на државата, кој сега е изменет. Соодветно на тоа, веројатно, ние тука промашивме во начинот на работата и требаше да одиме амандман по амандман, да усвојуваме текст по текст на амандманите, па според она што ќе го напишевме и ќе го усвоевме по преамбулата или нема да го изменевме во преамбулата ќе можевме да се прилагодуваме во останатие амандамни. Еве, сега, се наоѓаме во една таква ситуација, каде што сметам дека ако се усвои амандманот борј IV за македонскиот народ и за делови на народите, на албанците, на ромите, власите и другите, нема да соодвествува со терминот кој се употребува во амандманот број VI, каде одиме со формулацијата "граѓаните кои припаѓаат на сите заедници".

Навистина, мене нема да ми биде јасно, а сметам дека и сите оние кои ќе го анализираат Уставот, при можно усвојување на новата преамбула, на новиот текст на преамбулата, како ќе се снајдат со новиот израз "сите заедници", од каде тој ќе произлегува и како ќе произлегува. Така, можеби е време да ја прекинеме работата, повторно да размислиме како ќе работиме и сметам дека пред да ги усогласиме работите околу амандманот IV, се што ќе направиме, можеме само да направиме нова мешаница во текстовите и заднина и спротивност на она што ќе го усвоиме во однос на преамбулата и текстот на овие закони. Еве, јас навистина неможам, уште еднаш ќе кажам, да сфатам од каде ќе произлегува терминот "сите заедници". Тој термин е навистина е посебен ако не постои, ако се усвои новиот текст на преамбулата. Во случај да остане старата преамбула, за сите нас воопшто сметам дека е неприфатлив како текст и како формулација "сите заедници".

А, сега неколку зборови во врска со ова што беше дадено како образложение. Амандманот, како што образложи предлагачот, претставникот на предлагачот не дескриминира и дава еднакви шанси, за да на крајот претставникот на претседателот каже дека при еднакви бодови, при еднаква компетентност, при еднаква стручност на кандидатите, сепак, ќе се води сметка за оваа позитивна дискриминација на националностите односно ќе има предност припадникот на националноста. Тоа значи дека и самиот предлагач има судир со тезите. Значи, не е точно дека нема дискриминација и еднакви шанси, туку напротив во оваа држава се даваат многу повеќе шанси, посебно што еден ваков амандман вградуваме за ид-ните генерации. Тие не се виновни за целата дискриминација, за состојбите што се случиле во Република Македонија на полето на вработувањето, на полето на Уставот и на законите.

Идните генерации кои завршуваат и кога ќе треба да се вработуваат, не се виновни што ќе добиваат различни шанси со еден ваков член на Уставот. Тука е целата дилема која се појвува. И самите предлагачи кажаа дека за еден ваков член, потребна е имплементација законска и владина работа, парламентарна работа за да може во областа на законодавството и на актите од страна на Владата тоа да се направи. Во тој меѓупериод ќе важи овој уставен амандман и ќе има во праксата можеби веќе несогледливи последици, како што се последиците, јас пак ќе ги набројам, претставникот на претседателот го наброја примерот во судството, меѓутоа, повторно ќе му го кажам проблемот со војската, каде што таа дискриминација е изразена во однос на мнозинството, а исто така и со образованието. Тука е дискриминирано мнозинството и не е точно дека се работи за недискриминација и еднаквост, односно еднакви шанси за сите. Тоа е она што останува како резерва, а сметам дека уште еднаш треба да размислиме дали воопшто треба да работиме по амандманите, додека не се усвои текстот на новата преамбула. Или, да остане текстот на старата преамбула, односно додека не ја дадеме пред Собранието формулата, додека не ја завршиме комплет расправата за амандманот број IV. Вака, ќе внесеме колизија на многу места во однос на она што ќе го усвоиме како амандман број IV односно како преамбула нова или стара и овие формулации кои ги воведуваме, едноставно тие нема да се компатибилни со истиот Устав.

Затоа, барам и сметам дека повторно расправата треба да ја вратиме на амандманот број IV, токму заради терминолошкото усогласување со другите амандмани и да ја завршиме расправата по амандманот број IV. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Златко. По ред е Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги и претставници на претседателот на државата. Мислам дека од ретките добри амандмани е овој амандман VI и амандман кој кога ќе се имплементира односно кога ќе биде и дел од измените во Уставот, резултатите ќе ги гледаме односно ќе бидеме ако даде Господ сведоци на имплементиран амандман во една блиска иднина, навистина, еднаш засекогаш одговорноста сите заедно да ја преземеме за градење на институциите на органите на државата и сето тоа што ја сочинува и самата држава.

Самиот факт дека во амандманот VI пишува "правична и соодветна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите и државната власт и другите јавни институции на сите нивоа", ми дава на еден начин надеж дека можеме во една блиска иднина, како што реков, и одговорноста да ја делиме заедно и сето тоа што значи привелегија да бидеш во институциите на државата, која се вика Република Македонија.

Господинот Поповски, мислам дека имаше едно добро образложение за овој амандман, не беше никаква демагогија и уште еднаш се уверив дека кога сака добро да ги објасни работите навистина и ги објаснува и во овој случај имаше добро објаснување. Затоа што, ние не треба да поаѓаме од дневната политика и денешниот ден и да го образложиме овој амандман како што настапуваа некои колеги од другите политички партии, односно другите парламентарни групи.

Денеска кога зборуваме за вакво нешто, навистина, јас сум и ги сфаќам моите колеги дека сме во една ситуација кога сите овие проблеми во кои се наоѓаме, меѓунационалните односи, начинот на функционирање на самите институции, кој е во тие институции, кој раководи во тие институции. Тука можеме многу, многу да зборуваме и ќе дојдеме до еден заклучок дека навистина ако зборуваме за денеска, тоа е малку тешко да се сфати. Меѓутоа, откога ќе биде усвоен Рамковниот договор и сите овие измени кои се предвидени и од кога дефинитивно ќе расчистиме со некои недоразбирања кои не следат со години тука и ја поделиме одговорноста за градење на демократски институции понатаму заедно, тогаш мислам дека ќе се види дека имаме амандман кој ни гарантира на еден начин перспектива во однос на квалитетот и на градењето на институци-ите. Често пати го слушав ова, граѓански концепт, зошто и понатаму да продолжиме со клучеви и тн., за застапеноста на сите заедници во институциите, органите на државата и тн. Ние мораме тука малку да имаме доблест до крај дека секој граѓанин во Република Македонија, сепак, има свој идентитет, има национална припадност, има верска припадност и тоа ние не можеме да го апстрахираме дека постои тоа или не. Ако тоа го имаме предвид, тогаш во тие институции каде што ќе имаме соодветна застапеност, а тоа значи дека даваме шанса и институцијата да ни биде покохезивна, затоа што нашата одговорност кон институцијата ќе ни биде поделена и врз етничка припадност односно национална припадност.

Друго што би сакал да кажам во врска со овој амандман, ние имаме една ситуација која е алармантна во однос на застапеноста до денеска, велам во институциите и органите на државата. Јас не би сакал да ве заморувам со примери затоа што навистина кој колку е заинтересиран, може да најде фрапантни бројки и разлики во застапеноста, што дури би рекол како се осмелиле тие луѓе кои биле први луѓе на тие институции, до таа крајност да одат во однос на соодветната застапеност односно и дури симболичната застапеност. Земете го само еден пример, најсвеж пример во еден разговор со заменик директорот на Републичкиот завод за статистика. Верувајте, господа почитувани колеги, од 261 вработен во Републичкиот завод за статистика, само еден е од национална припадност албанец. Ова е веќе нешто крајно неприфатливо, човек да се згрози како можеле тие луѓе кои биле на чело на таа институција до таа мера да примаат вработени и на крајот да оди од таа функција и да се констатира дека имаме таква состојба.

Каква ни е состојбата во АРМ, во тоа што е раководен кадар односно старешини и тн. Исто така, состојбите ни се за никаде. И, сега, во сето тоа мора нешто да направиме, а мислам дека тука е шансата, дури таа имплементација да оди со една динамика, за која ние сите ќе бидеме во состојба да можеме вакв ите позитивни трендови да ги продолжиме со една динамика врз база односно врз уставна основа т.е. врз база на овој амандман.

Ако вака ги сфаќаме работите јас мислам дека во врска со овој амандман, апсолутно тука не треба ни да реплицираме едни со други затод што состојбите ни се многу јасни и мислам дека сето тоа што е барање, може да се заклучи и некој може да рече дека, еве ова е барање на албанците. Знаете ли вие дека во подлабоко размислување дека е ова одлично барање на албанците, односно тие кои преговарале во име на албанците. Затоа што, тоа е еден добар јавен потврден сигнал дека албанците сакаат да бидат во институциите и органите на државата. Ова веќе и сите тие тези кои вчера беа *со* големо односно наголемо, са-кам да кажам, пласирани тука, делење на Македонија, интегритет, суверенитет и тн., јас незнам, самиот факт дека интенцијата е да бидеме што повеќе застапени во тие институции, веќе ги побива сите тие што настапуваат односно сакаат да ни залепуваат разни, разни етикети дека еве ние сме за нешто друго. Јас сметам дека не само што треба да се прифати, туку треба и да се помогне

сите субјекти кои што се тука дали се политички, вонполитички, ова да ни успее, затоа што ова значи сепак добар, здрав столб за иднината на Република Македонија и се надевам дека, не само што ќе го поддржите, туку и со дискусии понатаму ќе создавате амбиент да помине како што треба овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали господине Шахиќ ќе користите реплика?

**АЛИЈА ШАХИЌ:**

Господине Горѓи Котев, со меморандум на Меѓународната заедница во 1996 година бошњаците се признати како народ, со босански јазик. Тоа значи дека господинот Котевски и господинот Бошковски прават дискриминација спрема бошњаците кои живеат во Македонија. Тие не ви сметаат бошњачките гласови за избори, како и лојалноста кон Македонија. Тоа што треба да промениме име, ако Котевски и Бошковски денеска би можеле да не викаат нагалено. Нека предложат како сакаат да се викаме, па на следната седница ќе го прифатиме меморандумот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Котевски ценете дали ќе одговарате или не.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, мојата намера беше добронамерна. Јас сакав да укажам на нешто што навистина треба да се води сметка во Уставот на Република Македонија. Можеби за господинот Алија Шахиќ овој поим е сосема исправен, но од јазичен аспект кај нас неможе да биде Бошњак. Ако е Босна, тоа е Босанец. Дури сум терминолошки, ако се сака и ако се може, може да се стави ако се однесува на муслиманите од Босна со исламска вероисповест на луѓето што се дојдени во Република Македонија, може да се стави дури босански муслимани. Затоа што, мо-же да се стекне впечаток дека сите од Босна што се дојдени во Република Македонија од поранешната југословенска заедничка држава, ќе ги подведеме под поимот бошњаци. Мојата намера беше сосема во ред. Затоа, велам, треба да се внимава кој поим ќе го ставиме. Дали тоа ќе бидат бошњаци, босанци или нешто друго, како што реков, за да знаеме точно за кој дел од тој народ станува збор. Затоа што, денес ние имаме реална слика во една Босна сосема поинаква. Таа е веќе поделена на три ентитети, хрвати, срби, муслимани. Затоа, реков, од јазичен аспект треба тоа убаво да се погледне добронамерно, а ако треба и други експерти нека се вклучат, но да ставиме вистински збор кој ќе одговара на вистинската состојба. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на претседателот на државата. Конечно Парламентот и јавноста сфатија дека навистина овој проблем треба да се стави на дневен ред, а јас имам посебно право денеска овдека да зборувам, затоа пто колеги пратеници, ако добро се сеќавате, пред една година и повеќе три месеци работев на тоа да донесеме закон за еднаквост при вработување.

При предлагањето на тој закон наидов на многу проблеми. Еден од главните проблеми беше дали законот кој требаше да го склопам ќе биде во склад со постојниот Устав, или не. За жал не успеав да дојдам во ситуација да предложам закон, но затоа се одлучив тогаш да поднесам декларација за еднаквост и вработување. Целата моја аргументација тогаш беше врз основа на податоци кои беа црпени од легални институции на РМ, т.е. Завод за статистика. И тогаш пред Парламентот и јавноста дадов доволно аргументи за реалната ситуација во Република Македонија што се однесува до застапеноста на припадниците на националностите во државните институции, но не само во државните институции, во вкупната вработена сила. За жал дури и таа декларација која се изнесуваше само политичка волја дефинитивно Република Македонија да се нафати со еден таков проблем не наиде на разбирање. Дури примав и сугестии таа декларација да биде прифатена и само за 2 или 3 гласа не успеа да помине. Но, не сакам да се навраќам на тоа, ни тогаш ни денеска никогаш не навлегував во причините зошто е дојдено до такви потадоци, односно зошто ни е ситуацијата таква каква што ни е. Претпоставувам дека тоа е резултат на едно минато кое што намерно репресивно со одредена цел тоа и го направи. Но, знам од друга страна дека како што и секаде во светот и овде луѓето кои се поставуваат на одговорни места имаат и свои предрасуди и свои размислувања и свои критериуми. Тоа во никој случај не значи дека се вистинските критериуми за квалитетите и квалификациите што ги бара работното место. Поаѓајќи од тоа барав Парламентот да се застапи и изрази волја ненавлегувајќи во причините оваа ситуација да се промени. И денеска кога конечно се сфаќа ова сериозно, се прават напори тоа да биде и уставна категорија што е апсолутно прифатливо затоа што едно општество е хармонично општество само ако политичката моќ, економската моќ и институционалната моќ е подеднакво распоредена во целото општество. Крајно опасно е ако политичката, економската моќ и институционалната моќ не рефлектира реалност од населението и таа прави разлика, односно не содејствува со реалните потенцијали кои постојат во општеството.

Јас од друга страна длабоко сум убеден со самото впишување во член на Уставот дека овој проблем нема да се реши преку ноќ, затоа мислам и веројатно откога ќе се усвои овој закон ќе предложам конечно РМ да направи стратегија како овој член од Уставот ќе се имплементира. Затоа што не може или нема сила која што преку ноќ овие фрапантни податоци ќе ги претвори во реални, можни. Но добро е што конечно сфаќаме дека на тој проблем треба да се работи. Јас не сакам сега овде да изнесувам податоци кои тогаш ги изнесов за позицијата на припадниците на националностите во различните институции и јавни претпријатија. Ги има толку многу и толку се драстични што како и тогаш и сега некој нема ни да верува на податоци кои потекнуваат од легални институции во државата. Затоа мислам дека барем денеска сите пратеници требе да се сложиме дека дефинитивно со овој проблем треба да се нафатиме. Да се нафатиме не само со тоа што ќе гласаме за овој амандман, туку да се нафатиме да направиме стратегија како овој проблем да се реши за наредните неколку години.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, амандманот VI кој го заменува алинеја 2 на членот 8 од Уставот на РМ е формиран така што не одговара на соодветниот текст на Рамковниот договор, бидејќи текстот гласи: правична и соодветна застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Додека изворниот текст на овој амандман е: рамноправна застапеност на лица кои припаѓаат на сите заедници и во јавните органи на сите нивоа и во други области од јавниот живот. Јасно се гледа дека предлагачот со амандманот VI отстапил од текстот предвиден со Рамковниот договор. Така што овде имаме нејасен текст, не прецизен, а истовремено се менува и содржината на самиот амандман. Значи имаме изменет текст не само од формален, туку и од материјален аспект. Суштинскиот термин рамноправна застапеност е заменет со неадекватен термин правична и соодветна застапеност. Терминот рамоноправна застапеност не може да биде синоним за прифатениот термин, правична, бидејќи овој термин е многу поимен и може да се толкува така што може да биде против целта на споменатиот амандман. И досега се кажуваше дека имаме правна држава која сегментот на вработувањето го чинеше правично. Меѓутоа, со една таква правичност ние денеска во РМ имаме голема дискриминација во сегментот на вработувањето на граѓаните на РМ од албанска националност. Повеќе националните држави прашањето за рамноправна и пропорционална застапеност на различните националности во разните области од општествениот живот, власта и во јавните претпријатија претставува еден многу чувствителен проблем. Во овие држави постои можноста, односно опасноста со применување на мнозинскиот принцип да се овозможи перманентна дискриминација на другите националности, запоставување на нивните интереси и заострување на меѓунационалните односи. Пропорционална застапеност на етничките заедници во државните органи на РМ треба да биде еден од основните цели. Затоа неопходно е внесување уставна одредба која што не само што ќе го гарантира принципот на недискриминација во областа на вработувањето во јавниот сектор, туку ќе обезбеди брзо надминување на постојниот проблем. Во функција на ова освен одредбата на Уставот треба да се донесе посебен закон како што имаат многу земји во кој ќе се определуваат критериумите, условите и роковите во кои ќе се обезбеди пропорционална застапеност. Со Уставот на РМ член 9, сите граѓани имаат еднаков третман пред законот. Но, и покрај тоа во РМ во државната администрација и во јавниот сектор албанците се преставени само со 3%.

Овде сакам да цитирам некои податоци за вработувањето во некои министерства. На пример во Министерството за одбрана од вкупниот број 6.665 вработени, бројот на вработени албанци е само 156 што значи 2,34%, во МВР од 9.819, албанци се само 177, односно 1,8 %, во Министерството за правда од 1.317, албанци се само 127, односно 9,64%, во МНР од 284 вработени, албанци се 22, односно 7,7%, во Министерството за финансии од 3.747, албанци се 184, односно 4,9% итн.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по овој амандман.

Господа, продолжувме понатаму.

Преминуваме со утврдување на Предлог-амандманот број VII од Уставот на РМ.

Отварам општ претрес.

Кој бара збор?

Има збор г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и гопода пратеници, почитувани претставници на претседателот на Републиката.

Дозволете ми да ги изнесам моите ставови и ставовите на Пратеничката група на ПДП во однос на предложениот амандман VII на Уставот на РМ. Овој амандман всушност е еден од двата изменети предлози од страна на претседателот во пет до дванаесет и квалификациите што ги дадовме во однос на постапката начинот и методите како дојде до промена на Рамковниот договор се однесува и

на овој амандман и затоа не сакам да се повторувам во тој дел. Значи, остануваме на принципиелното становиште дека овој текст кој е изменет од Охридскиот договор е непринципиелен став на претседателот и како таков за нас е неприфатлив.

Амандманот кој беше утврден и во рамките на преговорите во Охрид, потоа потпишан тој договор во Скопје и во рамките на предлогот за пристапување кон измените на Уставот на РМ кој доби огромно мнозинство двотретинско и во рамките на расправата и утврдување на нацрт-текстот на Уставот на РМ исто така доби апсолутно мнозинство од пратениците, во последен момент беше изменет. Ако некој амандман слично како и за претходниот за кој зборувавме дотолку повеќе и овој не можеше да му се најде забелешка ниту да се напаѓа од било која страна за непринципиелно уредување на односите во областа на која се однесува овој член, беше токму амандманот VII. Амандманот VII во точката 1 која е спорна, очигледно за претседателот како предлагач па си зема за право да го промени, велеше: МПЦ, Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква и другите верски заедници и религиозни групи се одводни од државата и се еднакви пред законот. Сум поставувал и при претходните расправи во Собранието, поставувам пак прашање, на кого му смета ваквата формулација? Зошто им смета ваквата формулација, на кого му смета рамноправниот третман на верските заедници во РМ, кои се мотивите, кои се причините. И тогаш сум кажал, сега ќе повторам, имам доблест и храборост да ги разберам сите македонци припадници на оваа верска припадност доколку се одеше на варијанта да не се истакнува поименично ниту една верска заедница од причините и настојувањата и стремежите на МПЦ да добие целосен легитимитет, односно прифаќање во соодветните верски заедници во рамките на верата на која припаѓа. Но, да пречи истакнувањето напоредно со нејзиното истакнување и на другите заедници и денеска не ми е сфатливо. Затоа што тоа буди други чувства кај другите вери, припадници на тие верски заедници, а да не зборувам за чувството на вработените и раководствата на другите верски заедници. Не верувам дека во учењето на МПЦ може да се најде определба, кажување дека рамноправноста и еднаквоста на луѓето, на верите, не е прифатлив принцип за нив, не верувам дека во Библијата има таков став. Напротив вероучењето, Библијата или било која друга верска определба повикува на еднаквост, на рамонправност во овој свет и пред Господ. Нема повисока вредност ако сакате и верска и хумана и човечка, или било каква друга, туку тенденцијата и определбата за да се биде еднаков. Доколку навистина има аргументи за ова прашање, јас би сакал и сега да ги слушнам и да ги слушнам и претставниците на претседателот кои беа причините да се пристапи кон измена на формулацијта која беше утврдена во Охрид. Или се потклекна, неразбирливите напади од страна на Синодот на МПЦ која се закани дека доколку се прифати рамноправен третман на МПЦ со останатите верски заедници, дека ќе направи тоа и тоа. За да таквиот став сега поттикне слични размислувања кај Исламската верска заедница, па тие сега да настапат со слична теза. И во која положба сега ние се ставаме? За мене тоа не е битно, за мене е битно совеста моја дали принципот за кој се определувам и се залагам и го бранам и ќе го одбранам до крај е правилен, или не. А во тоа сум длабоко убеден дека не може да биде против вероучењето, против принципите на МПЦ, или било која верска заедница да се залагаш за еднаков третман, па и на ова поле за кое зборува, односно се однесува амандманот VII.

Тезите кои и порано сме ги слушнале, претпоставувам дека повторно ќе бидат изнесени, дека овој амандман не ја регулира положбата и статусот на верските заедници во државата, туку тој зборува за лаичкиот карактер на државата, односно односот на државата кон нив и одвоеноста на државата спрема верските заедници.

За мене не е прифатлива од причини што овој амандман сепак регулира и други прашања како што е слободата во основањето на верските училишта, слободата во изразувањето на верската припадност, проповедањето и тн. и тн. Тоа е прво.

И второ, во праксата во минатите десет години од една ваква дистинкција која сега во поблага форма но сепак останува во амандманот VII произлегуваат многу потешкотии и недоразбирања на меѓуконфесионален план, односно на односот меѓу верските заедници и граѓаните во однос на нивната верска припадност. Јас нема да откривам ништо ново доколку тука сега ги истакнувам некои од тие проблеми кои водеа кон дисктриминаторски однос на државата кон верските заедници. И патем да кажам дека додека одделни, а јас тука имам право да зборувам за Исламската верска заедница се соочуваат катадневно со разни проблеми, подметнувања од страна на одделни органи на државата, па дури и од Комисијата за верски прашања која е повикана да се грижи за рамноправен третман за верските заедници, додека оваа верска заедница се соочува со проблемот на стимулирање на паралелни верски заедници се со цел да се дисперзира моќтта, влијанието на оваа верска заедница со формирање на фантомски и непостојни верски заедници, додека се соочува со проблемот егзистенцијален да се добива дозволи за градба на верски храмови и верски училишта со рушење тенденции да се подигат инспекциските служби на Министерството за транспорт и врски или

поранешното Министерство за урбанизам, па имавме случаеви низ Македонија каде се рушеа издигнати џамии и други верски објекти. Од другата страна не само што нема соочување со вакви проблеми, туку и директно, непосредно поддршка од страна на државата за развојот на други верски заедници. И не можете да ме побиете во фактот дека во тоа меѓувреме ние имавме случаеви кога тука во ова Собрание се донесуваа одлуки кои апсолутно немаат никаква допирна точка со верата и верските односи а да ние таквите определби ги внесуваме во законски акти, во одлуки на Собранието за пуштање во оптек на ковани и други парични средства, па дури и во ликот на монетите разноразни верски обележја кои сметаме дека навистина немаат место во тие области. Или да донесуваме ние тука одлуки со кои се засегнува или се нарушува чувството на другиот. Или Владата на Република Македонија да донесува одлуки со кои богатството, имотот на државата во чии имот имаат удел и придонесено да се создаде сите граѓани без оглед на нивната верска припадност да им се додели на верските заедници како што се хотели и други објекти и имоти на Република Македонија. И дали тој премиер некогаш поставил прашање, со таква одлука каков чин прави и како тоа се рефлектира врз полови-ната од граѓаните кои не припаѓаат на неговата верска припадност. И дали тој премиер поставил некогаш прашање дека ќе дојде денот кога тој треба да одговара за таквите постапки. Или да се донесе одлука во Владата да се издвојат два милиони германски марки за тоа што на некојси Ѓорѓи Наумов му паднало на памет да издига 74 метри крст на падините на Водно, а да притоа тие бидат средства на Буџетот на Република Македонија, средства кои подеднакво сите ги издвојуваме. Ако тоа се прави веќе во полза на едната верска заедница зошто тоа подеднакво не се рефлектира и не се прави према другите. И тоа во време кога имаме случаеви кога во Кумановско во село Коњари, човек се осудува да се лиши од живот, да врши самоубиство затоа што нема основнио егзистенцијални средства да ги чува своите деца. Кога во Македонија денеска над 500 илјади граѓани се без работа. Во време кога на 500 илјади граѓани на Македонија се без основна егзистенцијална можност. Ретко ќе видите земја во Европа денеска каде што над една третина од граѓаните се социјално загрозени, немаат елементарни претпоставки за живот. А ние си дозволуваме луксуз да издвојуваме два милиони германски марки за изградба на тоа верско обележје. Мислам дека ваквата определба која очигледно прави дистинкција и категоризација помеѓу верските заедници во Република Македонија ќе остава простори понатака да низ конкретните акти, вклучувајќи го и ова Собрание и Владата и другите органи да се постапува како што и досега е направено и да се донесат одлуки кои ќе бидат во полза на едните, но во исто време на штета на другите. И понатака Исламската верска заедница ќе се мачи со проблемот дали може да издејствува една градежна дозвола да се изгради еден верски објект во едно село во кое ниту постои урбанистички план,да не зборувам за детален.

Од тие причини сметам дека оваа интервенција е направена тенденциозна, безпотребно и ќе има и понатака реперкусии врз односите на ова поле. И оттука сметам дека треба да се отстапи од ваквата определба и да се вратиме на она што беше определба во Рамковниот договор како најисправна, како најцелисходна, како коректна и да го прифатиме амандманот со кој ние предлагаме да се врати формулацијата од Рамковниот договор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господин Фрчковски, застапник на предлагачот. Повелете.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Јас неможам да ги коментирам политичките процени околу коментари околу амандманот, но сакам да дадам две појаснувања што се однесува до неговата содржина.

Членот и амандманот во првиот став регулира така наречени негативни слободи или слободи на еднаква позиција и не прави од духот на членот, тоа се чита јасно, не прави никаква градација. Не можам и не сакам да навлегувам во тоа дали се наброени 5, 2 или ниедна. Меѓутоа, членот утврдува дека верските заедници туку наведени се одвоени од државата, што е една либералистичка вредност за европските демократии на одвоеност, да немаме државна црква и се еднакви пред законот.

Двете, независно, како се толкуваат, како некој го разбира набројувањето на наведените конфесии, или каква расправа имало околу тоа, членот дефинира само нивна еднаквост, одвоеност од државата и еднаквост пред законот. Ништо повеќе. Од овој член неможе да се извлече и да се толкува предност на ниедна наведена заедница. Тоа е прво.

Второ, согласноста за промената на членот, веќе втор пат го кажувам тоа, се доби на ист начин како што се одвиваше договорот и за сите други членови во Охрид. Имено посредник, олеснувач на Европската Унија е претставникот за надворешна политика на ЕУ господинот Хавиер Солана. Тој директно му рапортираше на претседателот дека добил согласност од сите лидери, вклучувајќи го и вашиот лидер за промена на преамбулата и овој член. Тука да нема сенки дека некој направил трик и изменил по своја волја нешто. Понатаму тој даде изјава за тоа. Конечно и вчера има изјави кои ги поддржуваат токму тие две измени, во тој правец. Што значи не се работи за некаква измама за целата работа. Се работи за согласност на иста дипломатска методологија како што беше применета и во Охрид, околу сите точки на Рамковниот договор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Никола Поповски.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Потпретседателе дали може да реплицирам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не може.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Зошто не ми дозволите да го кажам тоа што сакам да го кажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Вејсели ако имате намера да покажувате сила повеелете надвор.

Повели господине Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, не би сакал во непријатни услови да дискутирам. Би молел за малку внимание.

Сакам да истакнам две работи во врска со предложениот амандман број VII, кој се однесува на членот 19 од Уставот на РМ во врска со верските права и слободи.

На почетокот би сакал, со разочараност и со индигнација да го отфрлам писмото кое како пратеник го добив, по повод овој амаднман од страна на поглаварот на МПЦ, потпишано од него, псимо што впрочем го добија и сите други пратеници, или пак сите македонци пратеници во ова Собрание, во кое се изречени груби закани и во кое се најавуваат казни за одредени пратеници доколку размислуваат и гласаат по своја волја,во врска со амандманот за кој дебатираме. Сакам да кажам дека такви инквизициони писма воопшто не можат да го променат моето мислење и дека, всушност поглаварот со потпишувањето на таквото писмо до пра-тениците само потврдува дека, наместо да се занимава со верските работи, завлегол длабоко во политичките сфери за кои не е надлежен.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Потпретседателе дали може да реплицирам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не може.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Зошто не ми дозволите да го кажам тоа што сакам да го кажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Вејсели ако имате намера да покажувате сила повелете надвор. Повели господине Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, не би сакал во непријатни услови да дискутирам. Би молел за малку внимание.

Сакам да истакнам две работи во врска со предложениот амандман број VII, кој се однесува на членот 19 од Уставот на РМ во врска со верските права и слободи.

На почетокот би сакал, со разочараност и со индигнација да го отфрлам писмото кое како пратеник го добив, по повод овој амаднман од страна на поглаварот на МПЦ, потпишано од него, псимо што впрочем го добија и сите други пратеници, или пак сите македонци пратеници во ова Собрание, во кое се изречени груби закани и во кое се најавуваат казни за одредени пратеници доколку размислуваат и гласаат по своја волја,во врска со амандманот за кој дебатираме. Сакам да кажам дека такви инквизициони писма воопшто не можат да го променат моето мислење и дека, всушност поглаварот со потпишувањето на таквото писмо до пратениците само потврдува дека, наместо да се занимава со верските работи, завлегол длабоко во политичките сфери за кои не е надлежен.

Исто така сакам да кажам дека заканите со кои на мене и на другите пратеници ни се обратил, воопшто немаат никаква легитимност и легалност.

Во врска со амаднманот кој е предложен, би сакал да кажам едно мое лично размислување.

Не барам од никого, никакво објаснување по повод амаднманот, меѓутоа би сакал да го појаснам следново:

Амандманот гласи - Македонската православна црква како и Исламскаста верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и тн.

Сакам да упатам на моето лично размислување дека предлагачот на амадманите, во овој случај има направено односно ја употребил својата функција на предлагач за да извлече и лична корист од ваквиот амандман. Тој амандман за кој на сите ни е јасно, дека за разлика од сите други амаднмани кои ќе повлечат поголеми или помали промени во законите на РМ, овој нов амандман, и новиот член 19 нема да направи никаква промена во законите на РМ затоа што во основа се занимава со работи кои нема да ги сменат поставностите на верските заедници. Меѓутоа, претпоставувам дека предлагачот тргнал од лични причини кога ја набројал Евангелско-методистичката црква, веднаш после МПЦ, Исламската и Като-личката црвка на РМ и дека тоа на некој начин е употреба на јавната функција која е доверена, во лични или приватни цели. Дозволете тоа да го аргументирам со следново:

Согласно податоците од Републичкиот завод за статистика, кои се официјални податоци на РМ, кои се базираат на пописите на РМ. Има 15-тина верски заедници во кои граѓаните во помал или поголем број ја кажале својата вероисповест, од кои, нормално, од два милиони население православни се околу 1.283.000, мислимани се 581.000. Тоа се податоци од последниот попис во Македонија. Понатаму католици се 7400 и после следуваат многу помали верски заедници. Меѓутоа, она што остава

впечаток е дека една од овие верски заедници која е наброена тоа е евагелско-методистичката црква, е наброена ви за ви многу други кои имаат поголем број на верници во Македонија, а кои не се земени предвид, да го имаат истиот статус како евангелско-методистичката црвка која е наброена.

Со оглед на верската припадност на госопдинот Трајковски, сметам дека уфрлувањето на оваа црква ви за ви други кои имаат поголем број на верници, е некаква употреба на функцијата за да се извлече приватна корист. За да го поткрепам тоа само ќе кажам дека, ако земеме според бројот на верниците Евангелско-методистичката црква е дури осма по број, верска заедница, според припадност на верници и однапред кажувам дека ги отфрлам сите други укажувања дека овде не се работи за бројки и за проценти затоа што самиот факт дека амандманот гласи-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница како и Католичката црква и тн, точно упатува на бројките. Кога не би било 66% православни, 30% муслимани, 0,4 католици и така натаму, тој амандман и не би изгледал така. Меѓутоа, бројот на оваа црква за која говорам е 0,01% во ткивото на верниците во РМ,или пак во апсолутна бројка 280. Повторувам, само 280 верници на таа црква. Не би сакал да ги набројувам по бројки, меѓутоа пред оваа црква има многу други верски заедници кои се регистрирани со 2, 3, 4 па дури и 5 пати поголеми бројки на верници, како што се протестанти, адвентисти, јехови сведоци и тн, кои не се набројуваат. Оттаму без да барам ништо посебно од овој Парламент, сакам само да констатирам една моја лична констатација дека во процесот на предлагање на промените на Амандман VII во последната фаза од уставната рамка во Собранието на РМ, предлагачот ја има употребено својата функција, наспроти реалноста во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги,

Мојот колега господинот Зибери кажа дека ако имаше некоја добра формулација и добар амандман пред да се интервенира, од тоа што значи дел од Рамковниот договор и во Амандманот VII веќе ни се нуди нофа формулација која е неприфатлива, тогаш јас се прашувам, бидејќи разговараме за рамноправноста на верските заедници во РМ, односно во овој случај нерамноправноста, кој е тој Равол, кој е тој шејтан што ги насочи односно на одредени луѓе, во овој случај и самиот предлгач, претседателот на државата да понуди односно да достави амандман каде што се прави деградација на верските заедници.

Зошто сме тука многу чувствителни?

Затоа што имаше добра формулација, а таа добра формулација со самиот факт дека прво се споменува Македонската православна црква, Исламската заедница и Католичката црква, а тоа значи другите, тогаш веќе требаше или понатаму да се направи деградација со "како и другите". Мислам дека малку внимаваат луѓето кои се одлучуваат за вакви формулации т.е. ваквата деградација и врз верска основа. Тука веќе немаме само една одговорност кон луѓето што живеат во Република Македонија односно граѓаните, туку имаме и една друга одговорност, а јас би кажал одговорност и кон тоа како не учи Господ со книгите на Господ.

Ние многу добро знаеме дека и Илиџири теврат и Библијата и Куранот се книги од Господ кој ги имаме заеднички пророците, во одредени случаи малку се разликуваме во однос на тоа што значи Господ и ние, а некој се осмелува да прави ваква деградација. Јас сум запрепастен, зачуден, но во исто време дури и сум бил во ситуација да размислам која е најдобрата реакција, но имав една среќа што еднаш имав прилика да прочитам и во весниците на макеоднски јазик, незнам дали тоа беше статија во Дневник дека навистина настапот на прввиот чове, два пати г-дин Стефан и изјавата пред крстот, големиот крст на Водно и во друштво со премиерот да изјавува дека ако се именуваат и другите верски заедници подобро да ја снема и Македонската православна црква. Што значи тоа? Каде се учи тоа? Библијата сигурно не. Значи, тие се најлошите побуди што од пекола можат да доаѓаат во овој случај. И кога сме тука кому и зошто му треба ова? Пак, прашањето е зошто претседателот на државата за кого сите знаеме дека е добар верник, меѓутоа на овој начин веќе ми дава за право, барем на мене дека сепак грев е голем ако на еден начин се прави деградација на верските заедници, како што е во овој амандман самата формулација.

Јас не би сакал да спомнам, меѓутоа ние во праксата имаме проблеми од оваа материја само со рамноправноста на МПЦ, ИЗ и другите верски заедници. Имаме многу примери. Пак ќе спомнам, од Владата јавно јавно тврди премиерот и кажува дека 2 милиони веќе се поделени за крстот на Водно...

(Реакција на некои пратеници)

Би го прифатил тоа многу добро кога еднаш би се рекло јавно дека 500 илјади или 100 илјади се поделени од Владата за еден објект верски и на другите заедници, другите вери. Ние се соочуваме дури и со ситуации исто так амногу неприфатливи . За една дозвола за градење или доградба илисанирање на една џамија колку проблеми имаат граѓаните кои во некои случаи имале на истото место, или тука во близина џамија и не им се дава за право

да градат. Во Чаир, земете го примерот уште подрастичен во Тафталиџе, Нерези. Многу добро тоа го знаат луѓето кои живеат таму каде што имаме и изградено со години по нивите на тие граѓани со исламска вероисповест, имале џамија и сега не можат со години да добијат една дозвола за џамија во тој реон односно таму каде што живеат.

И уште еднаш мислам дека кога се работи за верски заедници односно за верата тогаш треба да бидеме многу претпазливи во одлуките што ги донесуваме. Претпазливи во тоа што предлагаме затоа што мислам дека и понатаму останува големата дилема, големата неусогласеност во однос на предлогот то ни доаѓа редефиниран односно изменет во однос на верските заедници. Затоа исто така и за мене и за пратеничката група на ПДП не е прифатлива една ваква измена во амандманот 7 т.е. интервенцијата во членот 19 во постојниот Устав на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо ќе направиме прекин до 17,00 часот. Значи продолжуваме во 17,00 часот. (Пауза од 15,40 часот).

ПО ПАУЗАТА (Седницата продолжи со работа во 17,45 часот)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор г-дин Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници,

Имам чувство дека сите овие денови што расправаме дека се движиме по една лажна линија, а тоа е линија на националните интереси или квазизи националните интереси. И денеска тука расправаме за една точка, за еден амандман кој уште Римјаните пред 2 илјади години ја дефинираа како максима не правимуна другито тоа тоа што не сакаш другиот да ти го направи. Имено, една структура религиозна си зема за право да негира друга структура или заедница исто така религиозна и се поставува прашањето зошто ова се прави и дали во содржината , или во внатрешноста иманекоја логика. Убеден сум дека ова што се бара или ова што се предлага.или тоа што господин Никола Поповски пред малку го рече, имено барањето, позадината од тоа нема врска ни со верата ни со науката ни со моралот, а најмалку има со верата.

Имено, не може ова прашање и не треба да се генерализира од причина што мислам дека се работи за структура партиска, верска која е по доминација на една номинклатура, политичка, или институционална и јас према покојниот г-дин Михаил имам огромен почит затоа што тој не се пушташе во политичките води за разлика од оваа структура коај сега тоа го прави. Сувише е да се каже дека економската состојба кај нас, социјалната е многу тешка, дури и катастрофална и јас сум убеден допрва наредните месеци ќе разултираат со масовни протести, со масовни маршеви, па да не кажам со бунт и револуција. Најверојатно тогаш ќе имаме рушење на институциите на системот кое на никого не одговара. Но, тоа некој оваа состојба не ја разбира или не сака да ја разбере заслепен од Господ. Но, ајде да навлеземе во сршта на проблемот, ајде да ја генерализираме оваа состојба и да се ангажираме сите, а посебно како институција, барем дел од нашите работи односно дел од обврските кои треба да се прават во тој аспект за превентива и да се спречи тоа што може да биде рушење на институциите на власта, кое ќе биде трагично за сите.

Прво што треба да направиме? Прво, најискрено да направиме една реална анализа, прагматична за да констатираме каде воопшто живеат граѓаните на кој толку многу ние им ветивме за нивниот живот, за нивниот стандарт, за нивната состојба, школување на децата и т.н. Ајде да се запрашаме како можат воопшто тие луѓе со помалку од 200 марки да врзуват крај со крај. Тоа е првото што треба да го направиме. И не само да констатираме како тие врзуваат крај со крај, туку да направименешто друго - ефективно како да стартираме во позитивен правец за да се надмине оваа состојба, а не празно да ја оплакуваме состојбата со крокодилски солзи, значи со лажни солзи, туку конструктивно да пристапиме кон тоа што значи функционалност и одговорност. Не можеме ние бескрајно да ги залажуваме луѓето и да бараме од нив да зажмурат од причини што ете во моментот ние решаваме некои витални национални интереси и затоа тие треба да бидат толерантни од причина што има нешто пвоажно што треба да се решава, па ако треба цената на тоа да биде и гладување, масовно гладување на луѓето и масовна сиромаштија на граѓаните.

Но, секој паметен би го поставил прашањето што значи национален интерес и кои се приоритетите, рангирањата на компонентата национален интерес или синтагмата национален интерес. Дали може и треба да се бара чувство за национален интерес од човек со празан стомак. Дали треба да се бара чувство за повисоки национални интераси од човек или од граѓанин кој ако случајно, ако има среќа да дојде до виза за странство веројатно за 24 часа ќе го снема од Македонија заедно со семејството. Или пак колку е морално ние да барама чувство за повисоки национални интереси од човек кој го смета за лукс, да не кажам за сон школувањето на своато дате. Значи прво што траба да се направи ида се излеза во прасрет на тоа што го нарекуваме национален интарас е да се сузбие сиромаштијата и газењето по достоинството на човекот, затоа

што при ваква економска и социјална состојба и ваква сиромаштија тешко дека можаме да имаме граѓани кои го имаат своато достоинство. Тие неминовно и нужно ќе бидат поткупливи од различни структури, од различни позиции, па вклучувајки и купувањето на гласови за ефтини пари.

Но, се поставува прашањето дали на некој на некому може да му ги опрости гревовите, ако случајно тој од маркетиншки и лични или партиско-маркетиншки причини си дава огромни пари во ваква кризна состојба, да се изградат меморијални крстови и тн. Најверојатно одговорот е не.

Второ, што треба да се направи да се пристапува аналитички и одговорно кон состојбата, така што, еве, ќе ве потсетам на една изрека на господинот потпретседател, тоа е во рамките на амандманот, политички дискутираме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова што го дискутирате не е во врска со амандманот. Иста работа ја повторувате шест дена.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ако вие знаете што е амандман, тогаш сум јас космонаут.

Да ви кажам дека де гол што кажал во однос на пристапувањето кон чувствителните прашања. Тој кажал вака, кога треба да расправаме за виталните прашања на Франција, тогаш ќе се претворам дека не сум француз. Од причина што ќе се ослободи од сентиментите, нема да биде сентиментален, нема да биде емотивен и тн.

Мислам дека прва и важна обврска на ова Собрание е да го имплементира Рамковниот договор, за жал, сега веќе ревидиран и затоа ние ги имаме овие проблеми и веројатно ќе ги имаме, затоа што отвораме нови рани и така до бескрај. Ќе дискутираме со тешко наоѓање на прифатливо решение за сите тука. Значи, или Рамковниот договор ќе се имплементира или нема да се имплементира. Тука тешко може да се најдд компромис, зошто компромисите ќе ги најде некој друг. Значи, или тоа ќе се имплементира или нема да се имплементира, а средина не постои. И, тука е сета тешкотија на нашата работа. Тука слушавме денеска и вчера се и сешто. Посебно вчера од констатациите дека, ете, албанците се криминогени луѓе, па до, еве, ќе бидам самокритичен од некој говорник од мојата партија, кој ја негираше етногенезата на македонскиот народ, што тоа исто така го сметам за нереално и безумно, па до констатациите дека некоја нација или народи се тука дојдени и затоа и поради тоа треба да имаат посебен статус и тн. Но, тие се работи, ниски удари и евтини констатации, за кои јас мислам дека не држат, исто како што не држат констатациите на некој тука што ги искажа дека Рамковниот договор е потпишан на нелегален начин и вонинституционален начин, така тоа беше кажано. Јас се прашувам како е можно тоа? Дали претседателот на државата е институција или не е институција. Одговорот е да. Дали претседателот на Владата е институција или не. И, тој не е, а јас ви кажувам дека е. Но, парадокс на ова е комплекс што ние, не е прашање што некои свештеници ќе напишат такво писмо, заканувачки во однос на пратениците, или православци подобро да кажам, тука е во прашање како некој мисли дека тоа има резон и треба да им се излезе во пресрет со тоа барање, нелогично барање. Значи, не е логично од причина што бараш другиот да биде понерамноправен, а тоа неприродно и нелогично. Значи, тука имаме едно барање на 10-мина свештеници, јас не сум сигурен дека мнозинството свештеници стојат зад тоа писмо и барање тука и сум сигурен дека не е така, значи, некој мисли дека тоа е оправдано и треба амандманот треба да се смени поради тоа, а од другата страна имаме 15.000 студенти без решавање на статус оправдано имаат барање, но нема политички волја да им се излезе во пресрет. Тоа е наша трагедија и тука не се поставува прашањето само на недостаток на резонот, туку тука се поставува прашањето дали воопшто ние имаме критериуми на вреднување на основните вредности, кои треба едно општество да ги почитува.

Лично сум убеден дека ова прашање, мислам за образованието е генеза на проблемот и ова ако се решава, веројатно, ќе ја снема политичката храна кој некој може и некој комфликт ќе се решаваат проблемите. Едноставно. ќе снема стимуланс, ќе снема политичка муниција од тој аспект некој да го користи за понатамоишн конфликт. Затоа, мислам дека ова е столб на кнфликтот и тензиите во Република Македонија, при што мора да се изнајде решение ако власта ако е барем одговорна 1%, а не повеќе. Од причини што секоја власт дури и диктаторска веројатно ќе внимаваше и ќе имаше почит кон судбината на најмалку 15.000 млади луѓе, студенти и тн. Значи, треба само малку волја, тоа е волјата од Рамковниот договор, содржината да помине во Уставот, што значи ова прашање да се решава со Устав. Поинаку, јас не верувам дека ние како Собрание сме ја завршиле нашата работа или сме ги исполниле нашите обврски. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Абдулади Вејсели, повелете.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, предлагачи и претставници на претседателот на државата.

Јас со многу внимание го слушав претставникот на претседателот на државата,

сакајќи да разберам нешто како ќе го образложува амандманот, или поточно измените што настанаа во амандманот седум, што овој амандман се разликува од амандманот што произлезе од Рамковниот договор, кој беше парафиран во Охрид, потпишан тука во Скопје.

Јас ќе морам да кажам уште еднаш дека претставниците на претседателот доста со тие игри, дека сите претставници или сите претседатели на политичките партии ги прифатиле последните измени што се предложени од страна на претседателот во својство на предлагач на амандмани. Уште еднаш укажувам на тоа дека ние како ПДП и нашиот претседател воопшто не бил консултиран, ниту повикан кај претседателот Трајковски, за да ги прифати евентуално измените кои се предложени од страна на предлагачот за текстот на Преамбулата и за текстот на амандманот седум.

Сметам дека најдоброто решение, не само јас, меѓутоа тоа беше убедување и на Кабинетот на господинот Трајковски дека ова решение за рамноправноста на верските заедници е најдоброто решение, тоа што го постигнавме во Охрид, во тие 12 дена што се договаравме меѓу себе во присуство на европските и американските олеснувачи. Затоа, мислам дека тука имаше една рамноправност, која ја отсликува реалноста во Република Македонија, дека бевме против отсекогаш, а ќе бидеме и сега против со новиот текст што се предлага, са да има една градација, едните да бидат побожни, а другите помалку божни. Сметам дека немаме право, никакво право, за да правиме една таква градација. Дека ако сакаме да знаеме верата е едно духовно богатство на секого, на секоја вера на која и припаѓа. Затоа, ние не смееме како политичари да им се додворуваме многу на верските заедници. Туку, ние треба да ја завршиме својата работа чесно и поштено. И, ако сите пратенички групи се согласивме со тоа што го постигнавме во Охрид, со текстот на амандманот седум што произлезе од самиот Рамковен договор и сите почнавме афирмативно да зборуваме за овој амандман, ете, никој не сака да не бидеме рамноправни во овој сегмент, туку сакаме да докажеме пред внатрешниот фактор, па и пред меѓународниот фактор, дека и тука треба да бидеме рамноправни како граѓани, без разлика на која верска припадност и припаѓаме. Меѓутоа, работите почнаа да се менуваат од кога дојдоа заканите од лидерите или првите луѓе на Македонската православна црква. Сметам дека тие си допуштија себеси премногу, за да можат да имаат влијание во политиката. Почнаа да носат заканувачки писма по пратениците. Сега, јас се прашувам, дали православната вера ги учи тие така титулари што се во Македонската православна црква, во одредени моменти, да употребуваат сила и закана врз соседните верници. Сметам дека ниту една вера, ни православната, ни муслиманската, па ни католичката не не учи во тој правец. Сите вери не учат да бидеме добро едуцирани, да бидеме толерантни едни кон други, да бидеме добри едни кон други, да не мислиме зло едни кон други и тн.

Затоа, мислам дека тука се направи првата грешка и најгрубата грешка од челниците на Македонската православна црква. Јас тука ќе прифатам ако вие пратениците од православната црква излегувате и јавно кажувате дека богами под големата закана ние сме плашиме, не сакаме да се анатемираме, не сакаме да бидеме проколнувани, тоа е веќе нешто друго. Меѓутоа, јавно треба да прифатите дека поради закани, вие прифаќате еден таков предлог што доаѓа од челниците на Македонската православна црква. А, никако нема да прифатам предлагачите на претседателот или на амандманите, претставниците на предлагачот на амандманите да доаѓаат тука и да не убедуваат дека верските заедници се надвор од државата, меѓутоа, сепак се рамноправни. Како можеме да бидеме рамноправни, кога тука постои јасна динкстикција, каде што многу убаво можеме да прочитаме и вели, " Македонската православна црква како и". Меѓутоа, ова не е договор помеѓу политичките партии. Договорот помеѓу четирите лидери на политичките партии кај претседателот Трајковски во присуство на олеснувачите е Македонската православна црква, Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква и другите верски заедници. Значи, не постои динкстинкцијата "како и". Значи, и тука сакате да правите градација. Тоа, јас го подразбирам само додворување кон црквата. Но, ние имаме како пратеници поголема одговорност и ние треба да ги промовираме и заштитиме интересите на сите граѓани во Република Македонија. Ние не треба да потпаѓаме под такви води. Ние не треба да бидеме инфлуиицирани од таквите кои не се грижат за сопствените верници. Што би било, ако челниците и на Исламската верска заедница излезат јавно и се заканат до пратениците албанци или муслимани кои се тука во Собранието на Република Македонија. Сепак, јас верувам дека челниците на верските заедници треба да стојат во своите граници, во своите рамки и не треба да излегуваат од тоа, не треба да се мешаат во политика. Ако ептен сакаат да се занимваат со политика, нека излезат на избори, нека добијат и нека дојдат тука, ќе се расправаме и за другите работи.

Од друга страна, за ПДП неприфатлива е оваа градација која се прави како едно, без консултација на ПДП, незнам со другите до каде се, дали се консултирани или не, секој за себе ќе каже, меѓутоа, ние уште еднаш укажуваме дека ова, иако најдовме консензус, иако најдовме решенија кои ќе бидат прифатливи за сите, меѓутоа некој повторно

инсистира да предложи еден нов текст на амандманот седум, за да може сепак, со тврдоглавност да каже дека јас сум тој газдата што одлучува во оваа земја, во ова Собрание.

Јас би отишол и малку и понатаму и би кажал дека ние одамна имаме проблеми во овие сегменти. Вие знаете на една од седниците во ова Собрание имавме голем прогблем, не најдовме заеднички јазик и пак одеше со механизмот на мајоризација. Кога ние пратениците од ПДП бевме против, јавните објекти или институции да добиваат верски имиња. Тоа беше еден за илустрација ќе го земам само Болницата за костозглобност во Охрид каде што и беше дадено името Свети Еразмо. Јас и тогаш реагирав, а ќе реагирам и денеска. Само да повторам, дека не сме за тоа сите институции во државата да земат верски имиња само од една верска припадност. Кажете ми која институција или јавен објект во Република Македонија, било тоа училиште, болница, незнам што и понатаму, да не набројувам, зело некое име што и припаѓа на исламската вера. Затоа, јас тука би сакал се помалку политика да имаме, меѓутоа треба да ја гледаме реалност, реалната слика која е во РМ. ако велиме дека во РМ освен македонци живеат и други припадници, тоа се албанскиот народ и другите, тогаш треба да видиме како понатаму ќе делуваме и ќе дејствуваме во другите сегменти па било тоа и во верскиот сегмент. Затоа, сметам дека не е добро и не би било добро да се предложи и да се прифати еден ваков текст со измени, што доаѓаат од страна на непредлагачот и да не создаваме некој јаз сега на верска основа, било тоа меѓу православни и муслимани и другите, дека ние воопшто не сме против што се набројуваат и другите верски заедници во државата. Дека секој има право да има своја вера и да ја негува таа своја вера во земјата каде што живее. Но, неприфатливо е и тука да направите категории. Јас реков дека верата е духовно богатство и ништо понатамју. Но, јас уште еднаш апелирам до сите пратеници да не ги прифаќаме заканите што доаѓаат од разните институции, па било тоа и од верските институции. Дека ние треба да мислиме малку пошироко. Ние треба да мислиме за сите граѓани во Република Македонија.

Затоа, ние имаме и одговорност како пратеници да не потпаѓаме под такви влијанија, туку да кажеме слободно и да имаме храброст да го кажеме тоа што е реалноста и тн. Да не ги набројувам сега колку Македонската православна црква имаше поддршка од страна на Владата и другите институции во Република Македонија. Колку Исламската верска заедница е помогната од страна на Владата. Јас можам слободно да кажам дека воопшто не е виза ви Македонската православна црква, дека не може да добие ниту едно одобрение за изградба на еден верски објект. Такви случаи имаме насекаде. Би било добро, јас не можам да бидам против што Владата со нејзина одлука и доделува на Македонската православна црква имот, меѓутоа, поради тој соживот во Република Македонија требаше да и додели и на Исламската верска заедница еден објект, па било тој да е и помал. Тука треба да внимаваме да не создаваме јазови во таа насока. Треба да видиме дека Буџетот на оваа држава не се полни само од верниците на Македонската православна црква, туку се полни и од исламските верници и тн. а да не ги набројувам и другите. Затоа, треба пропорционално тој буџет, тие приоди што се собираат во Буџетот на РМ треба пропорционално да се делат кај верските заедници. По бројот и земајќи ги предвид сите други критериуми што ќе ги изградиме тука ние внатре, меѓутоа, не смееме да форсираме една, да го отстраниме или да ја оставиме на нула другата верска заедница. Затоа мислам дека и овој амандман и понатака ќе ни овозможува да делуваме вака, да ги рангираме, едните се добри, другите се помалку добри, или полоши. Затоа, за ПДП овој амандман е неприфатлив, ние нема да го прифатиме, а јас го молам и предлагачот за да размисли добро да не прави градација и кај верските заедници, дека верските заедници се заедници кои не учат за доброто, за човештвото, не едуцираат на прав пат. Ниту една вера не му дава право на никому без разлика која вера е, за да можеме да им мислиме лошо на другите.Затоа, во овој правец и ние, па им сугерираме и на челниците на Македонската православна црква да не оди со такви закани по пратениците македонци дека ако го гласате тој амандман што произлегува од Рамковниот договор, кој е парафиран во Охрид и кој е9 потпишан во Скопје, јас или ние ќо во анатемираме, ќе ве проколнуваме и тн. Туку, напротив, треба да работи или да работат челниците на верските заедници. Да ги учат верниците да ги едуцираат ворниците за да бидат толерантни едни кон други.

**ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ:**

Без да сакам г-дине потпретседателе прозван сум, се работи за болницата "Свети Еразмо". Болницата "Свети Еразмо" го доби името по месноста каде се наоѓа, самата месност се вика Свети Еразмо и заради тоа го доби името. Мислам дека тоа нема никаква врска со сето ова. Прво, да се разбериме дека јас воопшто ништо немам против ниедна вера. Второ, не гледам ама баш ништо за нееднаквост меѓу верските заедници во овој амандман. Трето, би кажал зошто е направе-на оваа дистинкција. Сепак, да се разбереме, вие ќе речете дека тоа е мајоризација, сепак мнозинско население во Македонија е со православна вероисповест. Затоа е направена таа дистинкција "како и "

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г. потпретседателе, дами и г-да пратеници,

Ова мое јавување доаѓа како инспирација од некои претходни дискутанти и ме инспирираше пред, пред претходниот дискутант кој зборуваше дека два дена ние дискутираме за некоја линија на национални интереси. Јас Г. Биљали го разбирам и тоа е точно дека добро ги бранам интересите на неговата вероисповест и точно зборуваше дека треба да има национални интереси и точно е дека она што е грешката дека доаѓа од нашата страна, од македонците кои не ги бранат нацио-наните интереси, па и кога доаѓа ред не ја бранат  и православната црква. При последната посета на Република Турција во Анкара ме прашаа за г-динот Биљали. Тој ни е голем пријател, зошто денеска не е тука? и како живее тој господин? Јас им велам вака, со три реченици. До два часот работи во Парламентот, од два до шест е во УЧК, од шест до сабајле е во АНА. Тие велат: многу тешка работа има. Таква е состојбата велам со г-динот, иако тој е пратеник.

Ова што доаѓаше како забелешки од пратениците посебно од ПДП дека овој амандман VII не е добар и не им одговара на пратениците од ПДП затоа што во вториот став стои вака: МПЦ како исламската верска заедница, во право се. Мислам дека тука добро се изработени во овој амандман гледајќи вака коректно и не е добро да не им се каже отворено дека овој амандман не е добар. Затоа јас предлагам овој амандман VII да си се врати во првобитната состојба т.е. да се врати членот 19 како што е изворен, тоа да си стои, да не се менува. Во членот 19 од Уставот на РМ се вели: се гарантира слободата на вероисповест. Многу добро. Се гарантира слободата и јавно, поединечно, или во заедници со други изразување на верата. Уште подобро. МПЦ и другите верски заедници и религии се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Најдобро. МПЦ и другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основање на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапката предвидена со законот. Одлично. Што има потреба да го менуваме овој член од Уставот. Нема потреба. И ако имаше да кажеме некои барања од корпусот на албанските партии дека се бараат човекови права, што има врска сега  овие УЧК со оружје да го менува Уставот. Ништо немаат со Уставот. Мислам дека ова е изнудена работа. Ова е едно од најголемите оптеретувања. Ова што Г. Рамадани кажуваше многу изворно и бранеше за верската заеедница на исламската верска заедница, јас мислам дека е во право. Треба да има еднаков третман и да постои еднаквост помеѓу МПЦ и другите верски заедници и исламската верска заедница и да и се овозможи сите бенифиции и сите права што ги уживаат едните да ги уживаат и другите. Сигурно дека тука државата треба да води сметка околу верските училишта, околу проповедот. Она што беше загонетнато во еден период од дискусијата дека треба да има рамноправен третман. Рамноправниот третман треба да се сведува на тоа што дискриминаторскиот однос кој е направен многу години назад во едноумието, 50-тите години назад. Па незнам многу пратнеици тука и не се крстени од македонската вероисповест и ден денеска не се крстени и сега се крстат. Знаете кога им треба? Кога ќе појдат за избори и ќе се напеналат во ложата, машни, ќе се нашминкаат, ајде со поповите со владиките ќе се сликаат и ќе кажат: ние од бившите комунисти ние сме за црквата. Земен им е имотот, земено им е се и сега се сликаат. Мене ме иритираше дискусијата на г-динот Поповски. Би било чесно г-динот Поповски да стане и да каже што е тоа што треба да бидат еднакви МПЦ и исламската верска заедница. Се срамел зошто било упатено до пратениците. Тоа што го напишал Г. Стефан архиепископот на МПЦ тоа не е волја на Г. Стефан, тоа е волја на Синадод. Синодот одлучил така и Синодот мисли дека ќе фрли анатема на сите тие што ќе гласаат за тоа. Тоа е негово право. Е сега дали се мешал Макеоднскиот синод се мешал во политиката на државата. Еден од колегите дискутанти кажуваше вака. Доста е било која религија, или вера, или црква, или незнам кој да се меша во политиката. Па јас не слушнав и мислам дека нема да слушнам, нека стане некој од колегите албанци да каже дека нема да почитува тоа што ќе каже оџата. Тоа не се случило, тој филм не се снимал и нема да се снима.  Тоа што ќе каже оџата, тоа е амин, тука нема назад, а тоа што  кажува православната црква што не се почитува, тоа е друга работа. Тоа е вистината во РМ.

Она што посебно ме иритираше  кога дискутираше Г. Поповски вели, Г. граѓанин беше Трајковски претседателот на државата, кога им требаше да се прави коалиција да им дава мандат да формираат Влада Г. претседател. Сега нововерник. Мислам дека Г. Трајковски треба ова да го изанализира и да види со кои луѓе си игра играчки, со кои луѓе мисли да прави бизнис, или со кои луѓе треба да работи. Не зборувам ништо за СДСМ, тие сега се крстат, одат во црква, редовно одат на миса, се бањаат и во река се крстат, но еве, не сакаат да гласаат за ова, се додворуваат на ПДП. Арно ама ПДП незнам како ќе помине на овие избори, така што и оваа инвестиција во ПДП ви е многу грешка, да знаете.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и г-до пратеници

Не ги гледам албанските пратеници, излегоа.

Сакав да кажам дека пратениците Македонци со албанско потекло сакаат да ни ја обезличат црквата. Тие не треба да заборават и да ја оспорат историската улога на Македонската црква. Затоа што се ова што имаме се темели точно на Македонската црква.  Низ вековите опстојувавме и опстанавме се поради таа Македонска црква. Што има спорно ако се каже: МПЦ и другите верски заедници. Значи ние спомнуваме и другите верски заедници. Тие ги уживаат истите права сосема нормално е и природно е дека МПЦ е доминантна затоа што се

работи за православна држава. Г-до, не заборавајте дека живеете во православна држава Македонија и предност и доминантна улога мора да има православната црква. Кажете ми еден пример во било која исламска држава каде што религиите имаат исти права, а вие ги имате истите права. Неможе исто да се именуваат и да се ставаат во ист кош. Тоа не е толку проблем колку што е проблем со комшиите кои ги имаме. Нашата црква, Македонската не ја признаваат Србите и имаме проблем, а вие работите да се стави во ист кош, или да не постои МПЦ. Кога одите против Македонската црква, значи работите и против Македонските интереси. Значи вие работите за интересите на Србија. Исто така МПЦ не ја признава ни Грција. Слободно можам да додадам овде и Бугарија, а со ова ваше барање добивам впечаток дека и Албанија не ја признава. Свртете се малку на Албанија, кои права ги имаат Македонците кои живеат на своја територија во Албанија и дали имаат права православието да го искажат во македонските православни цркви. Дури имињата им се менуваат, Македонците кои живеат во Албанија имаат исламски имиња. И кој дава поголеми права, дали Македонија или Албанија?

Да направам една споредба, многу ја злоупотребувате. Често пати спомнувате дека вие не сакате да влезете во ист кош со другите малцинства. Вие сте 22%, тие биле 1%, некои биле под 1%, други 4%. И ако се стави знакот, се сеќавам синот кога учеше прво одделение дека 22 е поголемо од 1, тоа е во ред. Но, не заборавајте, вие го ставате истиот знак 22 дека е поголем од 78. Не заборавајте дека ние сме 78% и сакате да бидете рамноправни со нас. Значи не сакате да бидете со другите малцинства рамноправни, во ист кош, а сакате да бидете рамноправни со нас Македонците. Која е таа логика и по која математика вие работите. Очигледно дека премногу барате. А ова што барате премногу не сте вие виновни, виновни се олеснувачите македонски кои помагаат во разнебидување на Македонската држава.

Г-до политичари, македонци со албанско потекло. Секој белег кој е македонски ви пречи, дури белезите македонски им пречат и на СДСМ. Тие бегаат како од оган од лавот, исто тие бегаат како од оган од сонцето. Но, за нив навистина се изненадувам, но за вас исто така се изненадувам зошто сакате да ни ги уништите македонските белези, конкретно црквата. Што ви пречи прашувам. Ако сакате да ни ја разнебитите црквата, тогаш ке сакате истовремено да ни ја разнебитите и државата. Целата писменост на Македонците и целокупната култура се темели и низ средниот век точно била негувана и надградувана во црквите сите пишани што останале записи, останале точно од црквите. И се што имаме, имаме благодарение на нашите цркви. Дури до тој степен го злоупотребивте крстот. Ние македонците сакаме да изградиме еден крст, дали е голем или мал, не навлегувам, дај боже да изградиме уште поголем. Ние изградивме цркви 1% во однос на тоа што вие изградивте објекти џамии 99%. Значи во православна држава се изградени 99% повеќе верски објекти исламски, џамии во однос на тоа што изградивме ние православни цркви. Сега е проблемот во еден крст. Дури и некој од пратениците спомна како можела државата, или премиерот да издвои 2 милиони марки. Можам да кажам единствен досега добар потез што му е на премиерот е жими тој, да се послужам со еден народен збор. Друг потез добар не гледам, единствено за тој крст ако одвоил 2 милиони марки. А сакате тие пари да бидат издвоени во исламската заедница. Не, г-до, Македонскиот народ исто така некој од вашите пратеници спомна, нема леб да јаде, ќе градел крст. Па ако се откажеме ако треба од лебот, ќе изградиме крст за да парираме да кажеме дека ова е православна држава. И точно ќе го истакнеме на Водно да може да се гледа и ке го осветлиме, за да можеме да го гледаме подобро. Не заборавете исто така дека вие изградивте повеќе џамии за 30, 40 години, а не би рекол ни толку, затоа што ви кажав колку живееле во Скопје до 1953 година, Во однос на Турците за пет ипол века колку што изградија во Македонија. Бројката не ја знам но 300% сигурно повеќе имате изградено. Од прилика зборувам, напамет, прв збор кој го употребувам напамет, незнам точно, немаме факти, немам доказ, но дека е голема бројката сигурно. Значи, сигурно имате повеќе изградено од Турците. А да ве потсетам ако е за пари, еве вие имате повеќе пари. Тогаш зошто барате да ви се градат училишта од македонски средства. Еве, Македонија сега во овој момент ќе ви изгради училиште, основно училиште во Тетово и основно училиште на албански во Скопје. Па ако сте вие богати, градете училишта самите. Зошто купувате оружје, зошто парите ги давате за оружје, купете, направете си училиште и џамија направете си. Ние не купуваме оружје, не ни треба оружје, но затоа ќе дадеме за крст ќе направиме. Г-до не ви оспорувам да изградите џамија, немојте погрешно да ме сватите, само вие ни оспорувате зошто градиме. Замислете си во православна држава, во наша држава Македонска држава вие ни кажувате како ние да правиме. Па ние не ви спориме што вие правите, а вие ни спорите ние што градиме. Навистина нема логика.

И поради колегата Слободан Даневски кој пред мене зборуваше, го цитираше Уставот, не сакам јас да се повторувам и да го цитирам Уставот.

Сметам дека членот 19 од Уставот на РМ, не треба да се менува. Останувам при ставот и она што го има мојата политичка партија, ВМРО -Вистинска дека нема да гласаме за никакви измени во Уставот и останувaме за членот 19 кој е даден во Уставот.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Господине Стојановски јас сакам да му реплицирам на претходниот говорник.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам г-дине Тахири.. Тој вас ништо не ве спомна.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

И него никој не го спомна. Абдулади Вејсели не го спомна него а тој реплицирше.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јави за дискусија.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Не беше дискусија, тоа беше реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, господине Тахири, што има вие да реплицирате кога не сте спомнати. Нека дојде он.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Тој не е тука.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не може ти во негово име да реплицираш.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Господине потпретседателе, морате да изградите принцип. Зошто им давате на другите да реплицираат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, го вратив ли Димитар Батковски? Го вратив. Од иста причина го вратив, како и сега Вас. Ве молам одете си на место.

Има збор пратеникот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници.

За жал не можам да се обратам до претставниците на претседателот на државата освен почитуваниот Љупчо Арнаудов, а очекувам дека ќе се придружат во расправата и тие. Сега ќе почнам со, можеби за некого демагошки почеток.

Навистина немав намера да дискутирам. Меѓутоа, слушајќи ги дискусиите вчера и денес има некои работи кои не можат да се одмолчат.

Ќе почнам од господинот Бадинтер и од неговата изјава дека, оној момент кога двете страни не се задоволни, ниту едната ниту другата страна не е задоволна, тоа е вистинскиот доказ дека е направен вистински компромис. Од прилика така беше неговата изјава.

Со ова сакам да кажам и да го изразам мојот став, да не се мисли дека ние сме незнам колку задоволни од овие уставни решенија или од овие уставни промени што следуваат, бидејќи овие два дена слушаме дискуси само од едната страна, дискусии со излив на незадоволство. Токму затоа чувствувам потреба да кажам дека и ние не сме бог знае колку задоволни од тие решенија. Но, имаше некои работи кои едноставно ВМРО-ДПМНЕ не можеше да ги надмине а кои беа таа најгорна црвена линија над која не можеше да се оди. Тоа е преамбулата, односно македонскиот народ во преамбулата, таму каде што си беше и каде што му е местото и МПЦ.

Вчера не дискутирав за преамбулата, за амандманот IV, денес нема да дискутирам воопшто затоа што неколку пати го изразив мојот став од оваа говорница, во претходните месеци и сметам дека повторувањето е штетно и некорисно е таквата расправа. Претходните говорница обратија внимание на решението во член XIX од постоечкиот Устав на РМ, кое што е во врска со предложениот амандман VII, бидејќи сакам да го подржам ставот дека не се работи за тоа дека пратениците од една пратеничка група се пресреќни со овие решенија, но го сваќаат како компромис што мора да се направи. Мислам дека се сеќавате на цитирањето на член 19 кој го читаше пратеникот Слободан Даневски, па јас сакам да направам една паралела со амандман VII, и член XIX, каде стои: - Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија (и тоа Исламската) со голема буква И) Католичката црква, Евангелистичко методистичката црква, Еврејската з аедница и другите верски заедници и религиозни групи, се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Се работи за квалитативна и квалитетна разлика која е понудена со овој амандман, во врска со член 19 и со сега постоечкиот член 19 каде стои, во став 3 од член 19, само македонската-православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Значи немате право на вакви негодувања, бидејќи во еден исти став не само што е ставена Исламската верска заедница туку е внесена и Католичката црква и Евангелистичка методистичка црква, Еврејската заедници и другите религиозни групи, практично скоро сите верски заедници кои егзистираат на подрачјето на РМ.

Динстинкцијата "како и" за вас е пресудна од аспект на тоа што се правела, наводно градација. Динстикцијата како и треба да постои и не треба да се спротивставувате, бидејќи прашањето на рамноправност за кое цело време зборуваат одредени пратеници е прашање на рамноправност како што тие го имаат сватено и што се обидуваат да ни го наметнат. Прашањето на рамноправност низ бројките односно пренесено низ борјки, сепак зборува за нешто поинаку, а тоа е следното: македонскиот народ, фала богу, и благодарение на господа сеуште во оваа држава е мнозински народ. И понатаму ќе остане мнозински народ.

Бидејќи се залагаме за бројќи и некои решенија во Рамковниот договор и во уставните амандмани се врз основа на проценки, на бројки 20%, секогаш ќе биде поиалку од 67 или 70%. Тоа е фактичка состојба. тоа не треба да ви смета.

Најмалку што сакам да зборувам е од позиција на бранител на МПЦ, затоа што таа се одбранила илјадници години наназад сама, но, и го одбранила сопствениот народ, со помош на народот црквата и црквата на сопствениот народ го одбранила идентитетот и постоењето на македонскито народ. неправда е да се зборува поинаку. Неправда е и пред македонската јавност и пред сите добронамерни луѓе кои ги гледаат фактите и состојбата. Барањата се едно а реалната состојба е нешто сосема друго.

Понекогаш добивам впечаток дека преку тезите кои што ги елаборирате пред оваа говорница, зборувате за некоја виртуелна реалност која што ја имате з ајислено во вашите претстави, а не одговар а на теренот. Не одговара бидејќи се повикуваме на бројки, а има такви бројки кои треба да се почитуваат. Тие се такви.

Се зборуваше овде за крстот на Водно. Јас не гледам зошто ви смета крстот на Водно и воопшто сите крстови што се во нашата држава. Дали на Албанците во Грција, во Чемерија им сметаат крстовите што се поставени во секое помало или поголемо гратче во сегашна Грција и дали некој воопшто нив ги прашал дали им смета или ги третира како посебна нација или дел од народ. На вас би требало да ви смета, доколку во подрачјата во Албанија каде што живеат православни македонци, нема крст, а не во една држава во која живеат 70% македонци од православна вероисповест, ви смета крстот што ќе се прави и се прави на Водно. Никој нема против ниедна веро исповест, ниедна религија. Ако почнеме и со тоа да се занимаваме овде во Парламентот, мислам дека начнуваме една могу опасна тема, бидејќи најлесно и наједноставно е да се врши индоктринација и да се полнат нечии млади глави со омраза, преку таа верска индоктринација. Ние во Македонија и МПЦ никогаш не сеела омраза спрема ниеден припадник од друга верска религија, ниту во историјата, ниту во сегашноста. Едноставно човек мора да зборува, бидјеќи верувам сеуште во оваа говорница, верувам во процесот на демократијата, и мислам дека во овие изминати два месеци, преку оваа говорница некои работи се поставија, барем се донесоа во едно место каде што требаше да се донесат и пред оваа говорница, едноставно треба да се зборува. Не ни користат никому кавгите, нападите и увредите. Но, фактите и трезвената глава секогаш се добродојдени.

Се поставува едно друго прашање. Што се случува со албанците во Македонија кои се од католичка вероисповест и православни. Најдобро е да не се мешаме во овие работи и ние како пратеници и државата, бидјеќи тоа се верски работи, работи од црквата, од религијата и работи кои можат додатно да ја оптоварат состојбата во Македонија, која и така е лоша.

На крајот, пред да завршам, ќе поставам јавно едно прашање, дали знаете што е тоа национално мнозинство ќе ви дадам можност за реплика. Тоа е национално малцинство кое пати од комплекс на голема вредност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има г-динот Горѓи Котевски.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Што се однесува до овој амандман јас се изнаслушав доста добри мислења, но и сосема спротивни од добрите мислења, посебно од другиот блок овде во Собранието во РМ. Но, во исти кош ги ставаме и они што зборуваа во поглед на тоа дека МПЦ тоа е синодот на МПЦ испратила допис до пратениците во Собран- иетo на РМ. Мислам дека треба да прави една суштествена разлика.

Во ова Собрание нема само православни пратеници, нема само пратеници од исламска вероисповет, од католичка и да не ги набројувам сите. Во ова Собрание има и пратеници ништоверци. т.е. така наречени атеисти. Иако ја правиме таа разлика, навистина тие луѓе, тие пратеници што се чувствуваат како ништоветци, нема потреба апсолутно да читаат она што е испратено од Синодот на МПЦ. Тоа не важи за нив. Тоа важи за оние вистински верници, ако се чувствуваат верници. Според тоа нема причина некој да се изјаснува во име на било која пратеничка групг во име на било кој пратеник од православна вероисповест и во мое лично име да кажува дека не го прифаќа тоа писмо од Синодот на МПЦ. Да правиме разлика. Тоа право е загарантирано и со овој Устав. Може некој да верува, но може воопшто и во ништо да не верува. Тоа е негово лично праов. Тука завршувам. И според тоа отфрлам се она што беше кажано. Во потполност, јас како Горги Котевски го прифаќам тоа што го даде Синодот на МПЦ.

Што се однесува до вербалните изјаснувања дека православието на Република Македонија е во некаква некаква експанзија и дека во Република Македонија, ајде да не кажам некој појак збор дека насилно се става крст на Водно. Па, почитувани колеги ако ги пратите светските збиднувања, ако ви е јасно дека 2000 години се навршуваат општо од православието, од христијанството како една светска цивилизациска придобивка во областа на културата, уметноста, на образованието и воопшто на сите текови на светската цивилизација на сите Меридијани не знам која е причината ако и ние како Република Македонија во тие светски текови се вклуживме, формиравме едно тело за таква прослава и ќе се направи еден крст за одбележување на таа 2000 годишнина. Зошто мене не ми сметаше споменикот на Мајка

Тереза, дали била албанка или ... Апсолутно не треба да правиме раздор таму каде што нема потреба во оваа држава. Апсолутно нема причина ова да го потенцираме. И ако сакаме да правиме говори овде за да ги изгладиме односите мислам дека треба да се воздржиме барем од овој миг од таквите изјави за да не направиме пакост на оние луѓе кои што помалку знаат од нас. Не станува збор за оние што многу знаат, но сватите, или треба да сватиме дека не сме сите на исто ниво во оваа држава ни по верска уснова, ни по учена основа, па ни по културна основа. Затоа треба да внимаваме што зборуваме.

Што се однесува до прашањето дали некој ќе гласа за вакквите измени на овој амандман, ќе гласа или не, овде сум слободен да кажам дека ако се постави прашањето за гласање против овој дел на измените на Уставот на Република Македонија, ако се постави прашањето на преамбулата во овие промени ќе ни дадете добро алиби да не гласаме и воопшто за ниедна промена на Уставот на Република Македонија. Па, тоа не е добро. Значи, нашата подадена рака, нашата добра волја, нашата притиснатост, или да не речам условеност од страна, а и внатре без разлика за да не бидеме тврдоглави створења ние направивме така како што треба да направиме. Немојте да се залажуваме дека само со штитење на вашите сопствени интереси ќе ги покриете нашите, или пак заедно со вашите и нашите интереси нема да ја градиме иднината на оваа земја. Ако барем малку ви дошло до таа работа, јас мислам барем во овој миг треба да бидете многу разумни, треба да ја сватите состојбата во која живееме, состојбата во ние овде дебатираме денови и денови, состојбата во која психолошки се наоѓаме како луѓе, како живи суштества од месо и крв и како суштества кои имаме и чувства и страсти итн. Ние не сме камења. И на каменот два месеци ако му се зборува, шест месеци за промени на Уставот и каменот како камен ќе прими нешто, а не ние. Според тоа немојте да се залажувате, ако Мухамед му кажа на верниците дека од песокта ќе излезе богатството можеби се оствари таа визија. Денес нафтата извира во тие сиромашни места. Но, верувајте овој пат нема да успее она што треба да ни претставува како алиби, да не гласаме и за другите промени за Уставот на Република Македонија.

И ако лично ме прашате можеби јас сум еден од поборниците, стариот член во Уставот на Република Македонија кој го регулира прашањето со верските заедници сум да остане така. Но, заради флексибилноста, заради степенот и состојбата во која се наоѓа оваа држава и овој народ општо мислам на цел народ јас се прекршувам во себеси да правам дел од тој компромис, но верувајте ако дојдете до таа линија каде што гледам дека доаѓате не само што ќе нема компромис, ќе нема и излез. Ова не е закана. Ова е човечка изјава, една исповест на еден пратеник кој размислува многу трезвено за сите состојби и за сите потези и сите зборови овде што ги зборува во Собранието на Република Македонија. Да ме сватите сосема човечно.

(Некои пратеници бараат збор за реплика).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги, оставете реплика, ова е негова исповед и нема реплика на исповед.

Батковски Димитар - не е тука. Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине потпретседателе, колеги пратеници,

Ја чувствувам атмосферата каква е и ќе бидам краток. Македонската православна црква е црква која опстојува со векови на овие простори а ние сме само обични смртници да учествуваме во дискусија за улогата на Македонската православна црква во оваа држава, но уште сме поситни да и ја даваме нејзината улога која ја имала со векови. Затоа ве молам помалку дискусија повеќе одлуки. Ќе видиме кога ќе гласаме кој како ќе гласа. Ситни смртници сме за да одлучуваме ние каква ќе биде улогата на Македонската православна црква.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Кога се говори за Македонската православна црква истата забелешка ја имам како претходниот дискутант, господинот Анушев. Прашање е колку сме ние компетентни да говориме за Македонската православна црква по новото име, или Охридската архиепископија која постоела уште од 1782 лето и според и според песната на Охридските чалгии каде што под притисок на фанариотите, Охридската архиепископија е забранета и престанала да постои, иако е мајка на сите православни цркви барем овде на Балканот и на Печката патријаршија и на Софиската, или Велико Трновска патријаршија, говорам во тој период, но за жал судбината била таква, ја укинаа, но нејзиното возобновување 1967 година исто така е голем чин пред се за нас како македонци затоа што Македонската православна црква т.е. Охридската архиепископија беше Ѕвезда водилка во опстојот на овој славјански православен народ низ вековите. Сакам да одговорам на некои обвинувања и забелешки кои ме погодија како македонец, како православен, навистина немав намера да станам, но очигледно дека при вакви теми мора некој да стане и да проговори за она што како обвинување некој го нафрла, а ние сме тие кои со факти и аргументи треба да го кажеме спротивното, дека не такви работите како што некој сака да ги пласира.

Околу самата анатема за која наголемо се говореше и пишуваше низ медиумите се надевам дека Македонската православна црква ќе најде доблест тоа да не го направи и пратениците кои ќе гласаат за уставната измена, која мене воопшто не ми се

допаѓа и воопшто не правам градација помеѓу останатите, затоа што сум православен и правам споредба, тоа е мое лижно видување, но очигледно под притисок на надворешен фактор, за кој мораме отворено да проговориме е толку голем што не како нашиот одбрамбен македонски чадор се витка. Во случајот мора да потклекнеме пред притисокот на Запад поткрепени од сосема друга страна со нешто друго дебело платливо, но тоа е тема за која не би сакал да дискутирам. Значи, поентата ми е дека Македонската православна црква ке смогне сили, еве и јавно би апелирал и ги замолувам доколку се случи овој чин да не фрла анатема утре оние пратеници кои ќе гласаат да останат обележани, забележани со нивните поколенија. Се надевам дека таква работа нема да се случи и дека ќе бидат доблесни, храбри, така како што биле доблесни и храбри низ вековите во опстојувањето на самата Црква и опстојувањето на македонците, исто

така денеска да застанат зад она што значи и политичка битка за опстанок на Република Македонија и македонците. Тоа е мојот апел, пред се би кажал и замолница затоа што они се духовни носители и сметам дека тоа треба така да остане и понатаму да не водат низ сите духовни и политички премрежја во кои се наоѓа денеска Македонската држава.

Она што ме фрапира цело време е што одредени пратеници кои не припаѓаат на христијанската вероисповест покажуваат одбојност кон христијанството, кон крстот, кон православието. Не знам зошто, од кои причини, а имајќи во предвид дека истите тие до пред еден, два или три века исто така биле христијани. Дали биле католици или православни во случајот не е битно, сите како симбол го имаме крстот. Не знам од каде таква одбојност. Каде треба да се бараат корените. Сметам дека таквата работа и она овде што е пласирано не е добро општо за севкупното живеење во Македонија, во контекст на она што значи изминат период на шест месечна војна, седум месечна војна ние мора јавно да проговориме дека народот на големо говори веќе дека тоа не било војна меѓу македонците и албанците. Дека тоа било војна меѓу христијанството и исламот. Било кој македонец прашајте го ќе ви каже како се чувствува, а верувам дека било кој муслиман, говорам албанец дека говори спротивното. За жал тоа се факти пред кои не можеме да замижеме, а рефлексиите после 11 септември да ги гледаме после 7, 8 или 9 илјади километри оддалечени од Македонија во Авганистан со тенденција да се прошират тие работи. И не 6и ме чудело после ова да настане некоја не дај боже глобална катаклизма, онака како што се одвиваат и работите. Ако човек направи помала анализа ќе види дека постои еден јасен судир, да не кажам судир на цивилизација или на две вери чии корени се заеднички, од исти простори потекнуваат. Во случајов толеранцијата на христијаните е повеќе од евидентна и сметам дека христијанството, не само како вера, туку како една цивилизациска придобивка е на едно огромно високо ниво. Тоа и во практиката го докажаа македонците христијани, дека може да живеат со они другите кои не се христијани кои не припаѓаат на иста концесија. Сме толерантни, но не заборавајќи притоа дека за се има граница, постои една црвена линија преку која не можеме да поминеме макар и по цена и на сопствените животи.

За жал некој Куранот овде го извитипери. Мухамед пророкот никаде никаде во Куранот нема напишано дека исламот мора вака и вака да се однесува. Секаде е толерантен према останатите дозволувајќи да се изјасни кој како се чувствува. Никаде не вели дека исламот мора да биде користен како оружје против оние што Алах го немаат како Господ, иако Господ е еден. Ние го викаме Господ, вие го викате Алах, Буда итн, иако он еден е доколку веруваме во монотеизмот. Користењето на Куранот како оружје за жал и на овие балкански простори станува практика заборавајќи притоа дека инстите ние сме обични смртници, сме луѓе и кои ќе завршат на едно место во одреден даден момент, зависи кој колкав век на траење има.

Уште еднаш прашувам зошто толкав антагонизам према христијаните, кое се чувствува заборавајќи притоа дека најголемиот апостол на албанското движење Скендер Бег е христијанин. Истиот тој пет години војувал во Круја, албански град, тврдина, пет години војувал против турците бранејќи ги албанците христијани. Господо, исто така заборавате дека јужниот дел на Албанија е 80 до 90% христијански. Албански христијани, не говорам за власи, не говорам за грци, говорам за албански христијани, така да мојата порака е топката мора да ја легнете малку подолу, приземно да можеме и ние да удриме некој пас. Не ја кревајте многу високо затоа што при воздушни дуели може на некој да му пукне главата, а никој не е имун од тоа, ниту македонците православни, ниту албанците муслимани. Сакам да кажам дека сите ние сме луѓе и мора така да се однесуваме.

Околу крстот на Водно исто така мора да се одбележи дека ова е христијанска територија господа. Претходно кажав дека Охридкста архиепископија е мајка на сите христијански православни цркви во нашето опкружување. Стигнуваат дури до Моравија, до Киевското кнежевство, до големото Римско кнежевство и тоа мора да го одбележиме со крстот на Водно. Никој апсолутно нема право да ми оспори, само да ве потсетам во градот Охрид, вториот Ерусалим православен имате 360 православни цркви, за секој ден по една црква. Ако може големите православни земји по прашање на верата да ни симнуваат капа иако не не признаваат, затоа што политиката тоа го налага, да викаат евала, затоа што една мала нација кога не сме биле формирани како нација го рашири христијанството, од паганин направи христијанин, па апсолутно никој нема право кој е дојден овде на христијанска земја да го негира

и да не обвинува дека сме граделе крстови, јас не знам статистиката што говори но ако поминете од Сарај, Ѓорче до Гостивар јас не знам колку нови џамии се изградени. За Чаир не е точно дека не сме дале дозвола. Еве во Љуботен се гради нова џамија како знак на толеранција, не е тоа ваше дело, немој да се красите, тоа е можеби дело на еден пратеник од ДПА, но заради нашата толерантност не сме одбиле никого. Сакам да кажам дека сме толерантни но до одредена граница господо. Почитувајте го она што ние веруваме, во она што е постаро од вашата вероисповед за 625 години. Колку е постаро христијанството од исламот, заборавајќи притоа дека исламот влече корени и од јудејската вера, влече корени од христијанството со мали измени. Значи, ако некој исламот го про-мовирал во 624 година со пребегот од Мека во Медина и промовирал ед-но ново учење и верување, не го направил од природа дека треба да ги освојува соседните народи или утре на европските простори да доаѓа во судир со оние кои не веруваат во Алах, а рековме дека Господ е еден. Прашање е само кој како го викаме. Јас, еве, на кратко толку би имал да кажам, а колку успеав да одговорам, имам многу работи кои не ги заблежав, за жал бев излезен, колку успеав во тоа незнам, но сигурно бев добронамерен. Не бев со зла намера ова што го говорев, можеби некој ќе стане да реплицира, но тоа е негово право. Сметам дека господине потпретседателе, доколку тоа се случи, ќе ми дадете можност да одговорам и нема да бидам односно не треба да бидете како господинот Андов, кој во последниве две, три недели некако не ми дава шанса да дојдам до говорницава. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јави Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ако треба ќе говорам процедурално, но сега барам реплика. Како прво, мислам дека неколку работи се искривуваат овде, иако цело време се тврди дека забелешките кои што се однесуваат, се изнесуваат по однос на однесувањето на албанците односно на муслиманите во Република Македонија, им се добронамерни, сепак, неможе да се избегне фактот дека има голема доза на префрлување односно на обид да се зацврсти една позиција, која што сепак за нас муслиманите од било која етничка припадност во Република Македонија, не се прифатливи. Како прво, јас навистина се надевам дека тоа што сега се повторува во амандманот VII по однос на положбата на верските заедници односно тоа дека тие се рамноправни со Устав и со закон, навистина, ќе биде така во иднина, затоа што до ден денешен, тоа не е така. Колку и да се обидувате да се покажете дека сте толерантни кон сите верски заедници, сепак, неодминлив е фактот дека државата во голема мера се гри-жи за православната црква и за православната вера, додека во многу мал број тоа го прави, или пак обратното. Во многу случаи ја попречува во експанзија, во нормалното исполнување за потребите на верниците.

Тука како едно од прашањата кои што и самите вие го кажавте е прашањето на подигањето на верски објекти таму каде што верниците тоа го бараат. Во овој случај вие самите го спомнавте Чаир и кажавте дека во Љуботен е дозволена изградба на џамија. Тоа навистина е за поздравување и навистина тоа е така дека по долга година на борба која што ја водеа љуботенчани за да добијат свој верски храм, пред две, три години тоа и го направија. Но, за жал, муслиманите во Чаир, во самата градска населба ниакко не можат да дојдат до таква населба и покрај тоа што, според мои информации, голем број на петиции дури се собирани, разни потписи, но никако да се добие таква дозвола да се изгради верски храм, муслимански верски храм во Чаир.

Околу односот на државата, навистина досега односот на државата беше како маќеа кон ќерка, посвоена ќерка. Додека, државата во голема мера ги финансира активностите на православната црква, тоа во ниеден случај, јас не сум имал прилика да слушнам дека е направено со некои било кои активности на некоја исламска верска заедница. Тука, тоа што господинот Симев, ќе му го спомнам името затоа што многу сака да излезе на говорница, тоа што го кажува дека со наши пари, нема да градите. Вие, со наши пари сакате да градите. Тие два милиони не се само ваши пари. Јас немам апсолутно ништо против да отидете лично од своја плата да издвоите и да донирате таму пари. Но, парите се издвојуваат од Буџетот на државата, од јавните претпријатија, од незнам каде и тоа не е начин на кој што се обезбедува рамноправност односно тука се покажува начинот на кој што државата ги третира одвоените верски заедници.

Тука, да не се заборави и тоа што се случи токму ова лето, оваа година со подарокот што и се даде на православната црква од делот што се даде на подарок дефакто. Ќе покажете дека односот е ист кон сите верски заедници кога државата соодветно ќе донира на сите верски заедници толку колку што има верници. На овој начин, додека овие работи се одвиваат, нема да не убедите дека сите се еднакви пред законот.

И, околу антагонизмот кон христијанството. Аполутно, такво нешто нема кај албанците. На нас никогаш не ни сметале било какви активности на христијаните во подигањето на нивните верски храмови, но ми смета и ќе ми смета, дури и да се случува тоа и со исламската верска заедница, секоја мегаломанија, секој обид да се направи најголем крст во целиот свет. Тоа мислам дека е апсолутно неприфатливо како начин на манифестација на верата, а не како чин на изградба на крст јас немам ништо против, но таа мегаломанија која што се манифестира, ми смета.

И, околу последната војна што се одвиваше, апсолутно незнам по кој пат ќе треба да повторувам, албанците последната војна, што на некој начин еве самите го кажавте дека била верска војна, никако, да, може да се чувствува како таква, но апсолутно не била таква иако во таква се претворила, пред се, се претворила поради некои реакции на македонците по однос на муслиманите од било која етничка припадност. Додека албанците, апсолутно во ниеден момент не пропагираа и не водеа верска војна и такво нешто немаат намера ни да го направат во иднина. Благодарам.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Околу хотелот кој е подарен, мисли на хотелот "Изгрев", манастирскиот комплекс "Калишта", подарен е затоа што хотелот е граден на вакавско земјиште, на црковно. И, тука нема што да се спори околу тоа прашање. Владата сметала дека тоа така треба да биде и така одлучила. И, тука нема што повеќе да се додаде или да се одземе. Дали крстот е мегаломански или не е? Па, ако сметал проектантот дека завидливост на самиот град ќе биде доволна таа висина, исто така, нема што да додадам или да одземам. Сметам дека придонес во одбележувањето на 2000 години од постоењето на христијанството.

Околу тоа дали македонците војната која измина ја чувству-ваа како верска војна, вие коментиравте дека таа не била таква. А, што значеше учеството на муџахедините. Каква врска имаат арапите, иранците, ирачаните со албанците. Каква врска имаат апсолутно што дојдоа да учествуваат. Значи под плаштот на верската сполтеност, тие учествуваа. Поинакво објаснување, поинакво толкување, можете вие да одмавнувате со рака, но не постои. Што бара некој од 5000 км. овде да учествува. Јас реков како размислува Македонецот, јас не реков како размислува Флоровски. Како размислува Македонецот околу она што значи таква војна и се надевам дека нема да се повтори.

Околу учеството и она што допрва ќе следува од вашите пријатели од преку Барата, потрагата по тие кои ви помагаа, а не припаѓате на ист етност, освен иста вера, можеби се шиите, не се сунети, незнам, колку имавте такви припадници, тоа е друго прашање. Но, дека се дојдени поради верската поткрепа, тоа е повеќе од јасно. Обидувањето да не убедите во нешто сосема спротивно, барем нема кај мене да успеете и секој оној кој барем малку ги познава односите внатре во ис-ламот и односите меѓу исламот и христијанството. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повелете господине Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

По однос на ова последното околу учеството на муџахедините, ирачаните, иранците и незнам какви, јас навистина би сакал еден единствен пример на учество на некое странско лице во оваа посебна војна што се одвиваше. Такво нешто апсолутно се само некои измислици и желба да се поврзе оваа ситуација што се случуваше тука со последните случувања во САД. Апсолутно нема никаква вистина во тоа.

Што се однесува до доделувањето на имотот на Калишта, наводно, според вас бил како имот кој што е вратен, поради тоа што место било вакавско. Јас ќе ви поверувам дека државата има ист однос кон сите верски заедници, кога сите имоти ќе им се вратат подеднакво на сите верски заедници. Но, тоа не се случува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика на Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Нема да станувам повеќе, претпоставувам да не стане дебутантно, да не гледаат нон стоп исти сурати овде, треба да има некоја промена, околу муџахедините би рекол нешто. Тоа не се моја измислица. За тоа пишуваше Њујор Таимс, пишуваше Индипенде, пишуваше Лондонски Таимс. Пишуваа сите западни медиуми. Јас не сум ги видел во живо, но успеавме да ги видиме преку малите екрани. На пример, снимката со командантот Тели, па она што беше господо, бев доволно културен да ве сослушам и мислам дека треба да задржиме една релација. Таков однос можам и јас да имам, не е проблем. Јас сум навикнат и на тој однос, јас сум од Чаир, не се секирајте. Значи, јас говорам врз основа на тоа што се тврдења на ЦИА, на западните служби МИ-5, МИ-б дека и во косовската војна и во војната во Македонија и во војната која допрва ќе доаѓа, натака дуваат ветриштата, па, според пукањето секојдневно во Тетово претпоставувам дека овој пат не се свадбари по теркот на Марк Лејт и потпаролот на НАТО. Еве, овој пат се сватовите, но од онаа втората група. Од тие со старите чивтиња, не ги фрлиле, нели? Мислам дека такви филмови можете да продавате на друго место, немојте овде. Никој ов-де не е морон или будала, извинете на израз, па да поверува во такви работи. Но, морам да кажам дека донекаде успешно играте. Успеавте да им влезет под кожа, а на кој начин, не сакам да коментирам. Очигледно, некои работи како македонци мораме да ги учиме од вас. Тоа мораме да го признаеме јавно. Пред се, вашето единство, на кое лично завидувам. Ве краси единство, а нас не краси неединство. Тука е нашиот проблем, кој некој го ползува. Се надевам дека ќе се свестиме како македонци и ќе успееме да го изградиме тоа единство.

Значи, прекинав кај муџахедините. Не ги измисли Флоровски, не ги измисли МТВ и македонските медиуми, преземено е преку СНН, она со Тед Тарнер, нели ни го прожектираа преку сателитите, а тој е газдата на СНН, ако не сте знаеле, бивш сопруг на Џејн Фонда, кој работи во служба на големото уво на ЦИА и на другите и тн. За ова нема потреба да говорам, говорам само она што Америка го пласира дека имаме учество

на муџахедини и во босанската војна и во косовската криза и во македонската војна, ако може така да се нарече. Што понатаму ќе се случува Господ знае, но сакам да испратам една порака, се надевам македонците овој пат никој нема да ги фати на спиење. Јас се извинувам не ќе имам повеќе шанса да реплицирам, морам да одам на еден многу битен состанок и ќе морам да ве напуштам. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Таири се јавувате веќе по трети пат и повеќе неможе да реплицирате.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Ова ми е последен пат.

Би сакал да изнесам некои факти по однос на муџахедините.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Само зборувајте за фактите. Ќе ве прашам од каде знаете кои војувале, никогаш не кажавте.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Сега ќе ви кажам од каде знам. Тоа го знам од пишувањето во македонските јавни гласила, од информациите, највероjатно, што ги имаат добиено од органите за внатрешни работи. Имено командант Тели, како што го спомнав веќе покојниот, односно Лефтер Бицај не е муслиман. Апсолутно не е муслиман и тој неможе да биде муџахедин. Точно така. По однос на последното дека работите се одвиваат во таа насока дека можеме да очекуваме војна во Македонија, па и јас го сфаќам тоа како едно предупредување до сите нас и така ќе го сфатиме. Благо-дарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На ред е Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Мислам дека на се обрнуваме внимание, ама на една работа не. Тоа е јавноста и не се замислуваме за тоа што го зборуваме пред јавноста. А, најповеќето некој си сака својата вистина да ја прикаже онаква каква што не е и што не им доликува на тие што се однесува истата. Па, тргнувајќи од тука, мислам дека на сите им е јасно дека албанците не ја оспорувале никогаш во историјата автохефалноста на МПЦ. Затоа што, нивната толерантност кон верските односи, кон верските заедници од секогаш постоело, бидејќи како народ албанците им припаѓаат на трите вери, тоа е исламската, католичката и ортодоксната. За католичката и ортодоксната постои и автохевалноста призната и како таква таа и делува. Значи, со ова веќе првата дилема мислам дека ја расчистивме и дека никогаш не сме имале никакви судири, надмудрувања, ниту пак нетолерантност што се однесува кон верите и верските заедници, бидејќи ние сме таков народ, што им припаѓаме на тие вери што длабоко се вкоренети во нашата внатрешност. И, како такви ги почитуваме тие разлики. Мислам, не се сложуваме како потомци на џерџскастриоти, скендербеу, кој како што призна и самиот Флоровски, го бранел христијанството да се напаѓаме на еден ваков начин, како што се напаѓаме.

И оваа дилема е расчистена.

Останува дилемата што имало во ОНА. Јас и сите ние што ги следиме овие работи и што имаме еден аналитички однос кон сите овие прилики што ни се случија во РМ, едно знаеме дека нема проверени освен некои странски и југословенски разузнавачки служби или руски, што велат дека имало муџахедини во редовите на ОНА. Јас таква информација немам ниту имам прочитано во Њујорк Тајмс ниту во било кој западно-европски весник, барем што се однесува за Македонија, подалеку нема да одам. И оваа дилема мислам дека ја расчистивме, по мое. Подготвен сум ако за тоа постојат докази. Друга работа на сите ни е јасно дека со летечките тенкови од Украина, со руските авиони "сухои" тука ни дојдоа и Украинците и Русите како професионалци кои се бореа, па дури имаше информации кои беа во јавноста во нашите македонски медиуми кои зборуваа дека тие припадници на Украина професионалци и руси се лекуваа во нашата Воена болница. За такво нешто имате и од самите руски и украински медиуми. Мислам дека е ова доволно и треба да ни послужи како аргументација да не навлегуваме и да не отвораме теми за што тешко ќе можеме да излеземе и затоа барам да и се вратиме на темата и тоа што е реалност, што не опкружува во Македонија за тие теми тука да разговараме, да се договараме и да дојдеме до најсоодветните решенија. Секогаш постои една таква можност ако за такво нешто се има волја. Со уцени, со закани не може да се постигне ништо и тоа некако создава чувство на една инфантилна регресија на луѓе кои не можат да паметат или да влегуваат во историјата на другите, бидејќи не знаат или лошо ја читаат таа историја.

Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Така е, по правило, кога секој тегне накај себе.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Навистина кога слушаме вакви дискусии за кои не сме компетентни да зборуваме за вакви доктрини затоа што најверојатно колегите кои досега дискутираа изгледа не ги прочитале светските книги мора да кажам и не можам да се согласам со една вистина дека муслиманите албанци не ги почитуваат другите верски заедници, апсолутно не е точно, од причина што самите албанци им припаѓаат на три вери: на православната, католичката и муслиманската.

Во еврејската Библија пишува "и значи неправда". Ако се сите вери пред Бога исти и ова е мое, метафората значи неправда.

И во 6.666 ајети во Куранот исто така пишува "тоа е мое и тоа е мое" и тука е неправдата. Значи првиот човек што ја открил оградата, од тогаш почнуваат неправдите, и во таа насока сакам да кажам дека ние тука не разговараме дека верите кои треба да се почитуваат повеќе или помалку, сите треба да се почитуваат, затоа што имаат една заедничка точка на почитување и на таа основа сметам и како забелешка дека ние не треба тука да дискутираме за верските доктрини, туку треба да дискутираме конкретно за амандманот, што значи тоа "исто така и", што треба навистина конкретно да се кажат одредени карактеристики. Ако сите вери пред Бога се исти, тогаш дали е потребно да постои тоа "како и" за тоа се работи.

Благодарам.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Господине Николче колку пати јас ќе зборувам вам не треба да ви пречи, бидејќи јас ги бранам интересите на МПЦ, а вие што молчите како партија СДСМ, тоа е ваш проблем и зошто не сакате да зборувате. Тоа треба јас да ве прашам, а не ти да ме прашуваш мене, јас си ја гледам работата, а немој да ме прашуваш колку пати излегувам. Ќе ви одговорам, добро и на вас муслиманите ќе ви одговорам, туку најголем проблем е што македонските советувачи ви помагаат во голема мера.

Само едно ќе ви кажам г. пратеници македонци со албанско потекло дека извор на Христијаноството е Македонија и Христијаноството тргна точно од овие простори од Македонските простори. Нескромно е ако сакате нашата Црква да ја поистоветите со вашите заедници. Нема никаква логика.

Сакам да ви кажам тоа што спомна претходниот дискутант дека вие ги почитувате верските објекти. Како можете да тврдите дека ги почитувате, пак невистина. Многу невистини искажувате. Лешочкиот манастир никој не го сруши, не беше срушен ни од германците ни од бугарите, туку токму вие го срушивте. Кој војуваше? Многу Цркви се срушени токму за овој временски период.

Дека плаќате даноци и дека сакате Исламската заедница да ги дели парите за да изградите џамии, сакам да ви кажам дека вашите давачки спрема државата се минимални, јас и вчера ви напомнав, јавните приходи во однос на минатата година оваа година се помали за 40%. Значи и минатата година не плаќавте, а годинава за 40% уште помалку не плаќате.

Исто така ќе ви кажам, тоа ви го напомнав и вчера дека е извршена контрола од инспекторите и од 900 случаеви во 500 се утврдени неправилности, значи вршите даночно затајување, а го вршите затоа што не функционира државата. Во Америка најголем грев е да прикрие данокот и најстрого се одговара. Треба на тој што прикрил данок се да му се конфискува, да му се одземе, дури тогаш нема ништо да прикрива.

Се фалефте дека многу работите во странство и дека плаќате даноци. Господа вашите деца овде шест-седум ги издржава Македонија, а родителите на тие деца работат во Западните земји. Се школуваат во Македонија а не плаќаат никакви давачки, не плаќаат здравство, а со се сте обезбедени. Почнувајќи од образование и здравство. Школи ви гради оваа држава, но не е чесно да бидете толку нескромни и постојано да ја напаѓате оваа држава која ви дава се.

Некој напомна зошто толку голем крст. Исто како да ве прашува некој зошто толку голема џамија. Мене можеби ми пречат двете минариња кога се оди од Тетово кон Скопје, многу се високи. Треба малку да ги скратите. Не се смејте, многу се високи, треба да ги смалите а бидејќи нема да ги смалите да се знае кој е доминантен во оваа држава, ние ќе изградиме крст многу поголем и ќе ги надвисиме џамиите и да знаете кој е газда на оваа територија.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Се извинвуам г. потпрвтседателе, јас не сакав да бидам досаден, ќе ги замолам колегите од ПДП да ме сослушаат, па доколу имаат потреба за реплика после тоа нека реплицираат, бидејќи се губи нивото на овој Парламент, тоа е дел од тактиката луѓето да се деконцентрираат и на некој начин да се омаловажи нивната дискусија, како што беше со претходниот пратеник.

Сакам да реплицирам со г. Таири и да му дадам можност за реплика, бидејќи тврдеше дека нема муџахедини и дека оваа држава нема докази за учеството на муџахедините во војната во Македонија. Прво ќе го прашам дали му значи името Ибрахим Ругова. Во изјава на Ибрахим Ругова пренесена во македонските печатени медиуми од 27 септември оваа година која ја дал во Рим еден ден пред тоа на 26 септември каде стои ОВК е подготвена да го брани Осама Бин Ладен, само еден цитат "таканаречената ОВК не е само бунтовничка организација подготвена за опустошување на Косово и Македонија, туку е подготвена за изместување на меѓународно ниво користејќи исти средства како на Косово и помагајќи на терористичките групи", тврди Ругова. 6 септември истиот г. Ругова тврди дека разоружувањето на терористите во Македонија е фарса. Дека постојат арсенали на оружје кои никогаш нема да се отстапат од страна на терористите или да бидат предадени на НАТО или некој друга организација.

Последната изјава на Ругова од пред недела дена, колку се сеќавам, во која

изјави дека ќе штрајкува со глад се додека Меѓународната заедница не го прифати фактот дека во БиХ, Косово и Македонија делувале и делуваат муџахедини. Тоа е првата работа.

Втората работа за која сакам да ви кажам во врска со она што изјавивте дека ќе правите Цркви со наши пари, претходно ви беше кажано колку е учеството на албанците во даноците односно како се избегнуваат даноците на сите начини. Се негирате самите себе, бидејќи тврдите дека албанците се многу малку застапени во амдинистрацијата со процент од 3%, со тенденција за зголемување во изминатите неколку години, тогаш ве прашувам кое е учеството на албанците во средствата на Буџетот ако до сега немавте вработени во одреден процент колку што треба да имате, што ви е едно од основните барања и еден од амандманите, правична застапеност, тоа е термин кој не постои никаде, некомпетентност и стручност, туку правична застапеност, тогаш ако немаме уплата во фондовите врз основа на вработување, кои, ако немаме уплата во фондовите врз основа на плаќање на даноци, тогаш кои се средствата кои тврдите дека се користат за градење на Православни Цркви и други објекти во Македонија, а кои се ваши.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Бидејќи бев прозван ќе мора, односно не морам, но чувствувам потреба да разјасниме некои работи. Прво, по однос на наводните изјави на г. Ругова затоа што јас го видов уште кога се подготвуваше да излезе имаше некои цитати од македонски весници, но не видов дека има оригинална изјава од некој странски печат или Агенција така што и јас мислам дека тоа се новинарски конструкции за да се потврди една измислица дека во редовите на УЧК се борат муџахедините. Ругова, а претпоставувам и целата косовско-политичка сцена на некој начин е под притисок на одредени појави кои се блиски до политичкиот тероризам, но апсолутно нема никаква врска со муџахедините. Тоа се нивни лични внатрешни проблеми кои и мене ми пречат, тешки се за едно општество кое допрва се гради, но апсолутно мислам дека г. Ругова не мисли на тоа што вие мислите.

По однос на градењето на Црквите и учеството на албанците, вие се обидувате да извлечете заклучок дека средствата кои држават ги двои за градење на верски црковни објекти за Православната Црква дефакто се само на Македонците, учеството на албанците е минимално, повикувајќи се на фактот дека тоа што го тврдите вие дека албанци има само 3% во државната администрација и во јавните служби така што нивното учество во прибирањето на приходите во буџетот е толкаво некаде 3% според вас, претпоставувам, што само говори за тоа дека, за жал вие немате поим како се собираат приходите во буџетот. Тоа е најмалата ставка, а најголемите ставки се тие во кои албанците директно учествуваат преку царини, акцизи, разни даноци, данок од добивка и други работи кои ги плаќаат и по однос на ова сметам дека албанците најмалку ги одбегнуваат овие свои обврски и дека токму проблемот со неприбирањето на приходите лежи во односите кои се градени помеѓу самите служби и македонската клиентела, а многу помалку кај албанците, тоа е во прашање.

Што се однесува до улогата на албанците кои живеат надвор од Република Македонија и тоа дека државата дефакто им ја финансира живеачката на нивната фамилија тоа апсолутно не е точно. Секој кој и малку се разбира од начинот на кој функционира буџетот и ликвидноста на една држава ќе мора да признае дека при приход на свежи девизни средства од тие граѓани е исклучително важен за било која држава, па и за Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господо, ќе ве молам едно, имате ли намера да се расправате, да правете маркетинг на сами себе, или да работиме за она што ни е предмет?

Прекинуваме со реплики, крај. Нема реплики.

Има збор господинот Бошков Јордан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Сега сме во претрес на амандманот број VII.

Господине потпретседател, дами и господа, за жал пак сме многу малку тука, но не е битно, ние се научивме на тоа да не работиме согласно прописите. Таков ќе ни биде на крај и резултатот односно изглг сувањето на овие предложени амандмани. За моја претстава, сосема неправдено, но мора да се има разбирање и за емотивната страна, овој амандман и амандманот што се однесува на преамбулата, побудија нашриок интерес. Иако останатите од нормативата се далекусежни и се од големо значење за самото функционирање на системот.

Кога сме веќе кај прашањата поврзани со верата, убаво е да се одбележи дека е тоа слободен избор на граѓанинот, дека тоа е во голема мерка и автономија на семејството, како децата се воспитуваат и ако веќе е потребно државата за нешто да се интересира, тоа е дали дошло или доаѓа до злоупотреба на верските чувства.

Ние, себе се разбираме пред се како метафизички сушстества. Оттука, сосем нормално е да се поведеме по тоа учење кон кое сме се приклониле. Историјата на македонскиот народ е таква или така тоа кажува дека во извесни периоди православната црква може да замени одделни институции, државни, дали тоа ќе биде на планот на школувањето на сочувувањето на јазик, на култура, на писменост или пак на план на образување кадри за различни прашања од применетите дисциплини, било да се

некои од методите за обработка на земјиште или за чување домашни видови стока или пак тоа може да биде во негувањето на човековото здравје. Црквата ги презема задачите што инаку би биле во рацете на државни институции.

Самиот народ се сочувува како етнос исто така, бидејќи идеалите од верската припадност ги држи сосема високо. Не ги препушта и не ги испушта. Дури во последниве век ипол - два на овие простори пошироко е присутно богоборството, односно откажувањето од виша сила и од бог и залагањето бог да биде исфрлен, најнапред од општеството, од димензиите на општеството, а потоа да биде исфрлен по можност и од домашниот круг а и од личниот круг. Но, таквите модели или таквите препораки секако завршуваат со губење на народност односно на етничка припадност низ вековите. Исто така низ историјата може да се набљудува дека постои менување на верска припадност. Тоа се случува или по пат на сила или пак со доброволна определба. На пример, можеби пред пет векови во Босна масовно преминуваат во ислам. Тука не се памти дека нашироко е применувана сила. Но, на пример, пред два века, 2,5 века, кога се врши исламизирање меѓу Македонците директната сила е присутна делумно, а делумно не е, односно, се даваат погодности од економски вид. Со преминување во ислам не би се плаќале давачки. Тогаш тоа е друг милет, друга раја и едноставно тие луѓе се мотивирани да ја менат верата.

Нешто слично се набљудуваше и во XX-иот век кога на некој начин преку државната власт се инсистираше да не с ечува верата. Ние ги памтиме тие масовни, да не кажам по целата линија, токму на свештените лица. Без никоја друга причина, секој свештеник мораше да биде во затвор, за да не го учи криво народот. А, од друга страна тој исти народ изнетрен е токму од учењето на таа црвка.

Во случајот на македонците црквата е една закрила и прене-брегнувањето на нејзината улога може да води и до истребување на тој народ. Една од опасностите што е надвисната над македонците, а по мое видиување потекнува заради бркањето на богочовекот од животот и на општеството и на поединците е токму намалениот наталитет. За возврат се добиваат такви реалности на теренот да веке немаме пород. Веќе немаме број на млада генерација. Ние веќе тендираме засилено и со раселувањето и преселбите на други континенти кон тоа, на своите верковни огнишка или не снема или пак не има во многу мал број.

Оттука е многу важно да ја сочуваме верата. Би сакал да ве потсетам на тоа дека главни сврзни елементи во општеството се слогата, верата, разумот и на крај парите. Но, кога појдувајки од слогата преку верата се забележи дека тие се во недостаточен обем, тогаш многу тешко и останатото ќе биде најдено, а на тој начин и самиот исход на таков народ, на таков етнос е многу неповолен.

Зошто ние во 1991 година ја запишавме МПЦ во членот 19? Јас сметам дека таа ситуација тогаш беше јасна и расчистена и немаше причина да биде напаѓана во текот на сите овие години. Најнапред, станува збор за структура што постои тука со векови, што историски е преку Охридскиот епископат и преку Охридската митрополија, на период и патријаршија документирано далеку над илјада години.

Второ, токму преку охридската школа се произведе култура на славјански јазик, која култура подоцна беше пресадена, пренесена на други простори, почнувајќи од Киевска Русија, а понатаму со ширењето на таа држава, па можеби и до Северниот Пол а и на исток, до далечните места, како што се Владивосток или Камчатка, веројатно и Аљаска, само што тие предели нам ни се малку магловити, во нашето паметење ги нема.

Исто така, Православната црква беше местото каде што се чуваше културата, јазикот, а и традицијата низ вековите што следеа подоцна на иноверна власт. Османлиската империја иако со друг религиски предзнак, во суштина, погледнато со денешните мерила или со мерилата што постојат во овој либерален период или просветен период, беше многу демократична. Таа власт, нормално, си беше за исламската ориентација. Но, не беше толку настрвена да ги уништува другите вери, посебно тие вери кои,според учењето, имаат свети книги. Тоа се однесува пред се на еврејската вера, на христијанската вера.

Но, околностите за живеење, независно, не беа многу погодни и беа тешки. Црквата, нејзината инфраструктура,ја нудеше рамката за да опстане народот. Оттука имаме и силно развиено монаштво, отттука ние имаме редица манастири. Би сакал да ве потсетам дека покрај евидентирани 1800 и неколку тука евиндетирани места во Република Македонија има барем толку и места на манастири. Сега не ги знам на памет бројките но активни манастири денеска има се повеќе. И тоа е просле-дено во нашата општествена дебата со различни оценки, често пати негативни. Но, убаво е да се знае и да се тоа вреднува дека, без придо-несот на монасите и монахињите, духовната димензија кај народот би била многу послаба. Тие се постојаните молители пред бога, токму за својот народ. И тие умееле низ вековите тој исто народ да го крепат.

Денеска, не е упатно ние да напаѓаме по такви темели. Одејќи поблиску од Османлискиот период, во кои улогата на црквата е неспорно голема за сочување на овој идентитет, можам да кажам дека и во текот на Втората светска војна повторно беа структури од православната црква кои меѓу првите влегоа во тие редови или ја поведоа таа национално ориентирана борба за слобода. Не е случајно тоа

што повторно во манастирите се цржат заседанијата. Повторно свештеници се во првите редови. Но, со победата или да кажам со тој добар исход од Втората светска војна влезе ново зло што беше јако богоборно. Најнапред тоа мораaa да го почуствуваат религиски ориентираните лица, меѓу нив свештениците.

Кога веќе се сватија заблудите во новото општествено уредување по однос на православната црква и на некој начин при крајот на 50-тите години беа ревидирани тие грозни постапки со тоа што се поддржа прогласувањето на автохевалноста, поддршката на МПЦ на општествен план не е за занемарување. Но, можеби ќе беше поупатно да биде и поголема.

Независно од тоа како ќе го гледаме овој период од 1955 до 1990 година, евидентно е дека структурата на МПЦ заживува и тоа во повеќе насоки. Добро е тоа што има своја Богословија, односно средно училиште, школа за идни свештеници, а исто така добро е и тоа што се формира Теолошки факултет. Ние за десетина години не најдовме начин тие институции да ги прибереме во рамките на официјалното школство. Оттука, по мое јас отворено би ви кажал дека МПЦ во текот на овие години не користеше повластена позиција. Тие луѓе кои, според моето видување се носители на нашиот идентитет, тие луѓе се надвор од државните системи на осигурување, на здравствено обезбедување,на пензиско обезбедување. Може секако да се направи и паралелен приказ на тоа како нештата стоеле во Исламската заедница. Јас лично не се ни чувствувам толку способен или подучен тоа да го изнесам. Но, точно е дека на полето или во доменот на Исламскаста верска заедница постојат падови, постојат и нагорни трендови. Точно е и тоа дека и во таа заедница има појави што ние може да ги поздравиме, има појави што би не загрижиле. За загрижување е тоа, би кажал, што слушам поплаки од припандиците на Ислам кои за мајчин јазик го имаат македонскиот, а добиваат имани или учители кои не зборуваат македонски. На неколку пати се обидувам нешто во таа насока да издејствувам,да се обрне внимание. Не велам, реков дека сцената не ја следам, не можам да кажам како нештата стојат сега, меѓутоа и во Република Македонија во меѓувреме има Медреса. Не сум сигурен до каде се нештата со факултет.

Тоа што ние за десетина години самостојност не најдовме начин да го протолкуваме местото, а со тоа и да му го дадеме достоинството на МПЦ во оваа држава, мислам дека тоа е на грев на политиката. Можно беше тие прашања да се адресираат и со закон. Но, до таков закон не дојде и покрај неколкуте иницијативи. Можно беше тие прашања да бидат на некој начин разгледани и преку протоколарното подигнување на Архиепископот. И тоа не го видовме. Мислам протоколот главно во државниот протокол. Од тоа не видовме ништо. Се инсистира на наводен лаицизам и секуларизам, едни поими кои, сами по себе, можат да кријат добри намери. Проблемот е во тоа што она што се реализира во општествата каде секуларизам завледува, на крајот и не само на крајот многу бргу и на почетокот имаме морбидни сцени.

Само ќе ве потсетам дека прокламираната Француска Република почна со такви барања. Дека тоа е република на граѓаните, тогаш немаше дури ни господин, тоа беше бришано, бришани беа и насловите на месеците бидејќи потсетувале на божества, од јавна употреба и тоа беше дури, па потоа се ревидира, така што денеска и во францускиот јазик гледаме дека неможело да се оди баш според умот на секуларизмот до крај.

Но, тие плодови оставаат свои траги. Ние, во Република Македонија не се ни обидовме чесно да ги разлачиме, да ги поделиме или издеферинцираме елементите или нештата што се поврзани со секуларизам.

Од друга страна гледаме дека на груб начин, таму каде што се заговара теократија, пак се воспоставува авторитарност. И, за овие тенденции сме докжни да проговориме.

Онаков, каков што беше членот 19 не даваше основа за теократија. Такво нешто нема ни да се восопстави. По мое видување и новиот запис, односно сегашниот предлог за такво нешто не дава можност.

Што е дискутабилно? Две нешта.

Самата постапка или во текот на постапката имавме прва варијанта, сега имаме втора, каде што на некој начин се прифаќа првенството по важност, по значење токму на МПЦ во ова општество.Нешто што самите религиски заедници меѓусебе не го спорат. Нешто што во дух на верите и не би било болно да нема втурнувања од страна, да нема обиди преку верата да се генерираат конфликти во општеството.

Ние почнавме, односно овде во Македонија на почеток од оваа година лошите појави започнаа со прокламирање на човекови права и слободи, но како што одат нештата,лесно можат да бидат префрлени и на верски терен. Дали со отворањето на член 19 и формулациите во нив,лидерите биле на висината на задачата. Дали или од кого тоа тие биле подбуцнати да нешто менуваат во тој член?

Остана неразјаснето дали воопшто ние сме должни овој член исто така да го преформулираме. Навистина тука никој не одговори кои се тие мотиви и од кого на маса било изнесено дека членот 19 е генератор, или можен генератор на неслога, на братоубиствени дејанија подоцна, или можеби други дејанија против поинаков етнос и вера. Мене тоа не ми е познато за ниеден од потписниците на Рамковниот договор. А овде надлежно е Собранието и со оваа тема да се занимава. Моја

препорака е да ен чепкаме во членот 19. Има доволно учени луѓе од било која верска заедница во Република Македонија кои треба да добијат простор на говор, на настап.Многу е убаво да им се отворат микрофоните, да им се даде на таквите луѓе можност да дојдат до збор. Јас ја следев дискусијата за жал преку екран во поголема мера, но ги слушав прилозите и би кажал вклучувајки го и мојот прилог сега тука пред вас дека ние не можеме да се носиме со тие теми, барем ние тука што кажавме. И би било фер ова прашање да го одложиме, би било фер да им кажеме на било кои странки, или учесници во конфликтот. Еве, ние како Парламент не се чувствуваме за повикани нешто да сработиме на таа тема пред да ги сослушаме претставниците на верските заедници за кои е наменет овој член. Ако можеме, ако и понатаму за нас главно е тоа што потпишале претставниците како меѓународни олеснувачи, или пак претставниците како шефови на партии во кои партии не се ни потрудија да побараат овластување, никаде не видовме конгреси, никаде не видовме претреси, никаде нема документација како таа партија дошла до таков став, или доколку нешто има, тоа навистина е многу тенко. За мене се наметнува само еден заклучок, овој амандман да не го подржиме. Јас се обидов во амандманот 4 да посочам дека подобро е да ги именуваме етносите, отколку онака само "и други", или "и другите" да биде нафрлено и тоа би станало бележита бројка.

Исто така се потрудив, само секој пат во процедурата сме со извесни изненадувања, јас сметав дека кога веќе затвораме општ претрес, преминуваме на амандманска расправа. Тие амандмани поднесени на амандманот 4 би гласале, односно би воделе дебата и би гласале, а подоцна ако веќе со заклучното гласање за тој амандман можеме да го одложиме што е упатно во еден термин кога би се гласале и другите. Но, еве тоа е што имаме. И таму набележав дека треба да се даде оценка кои етноси кој придонес го вложиле, или што тие сториле за Република Македонија, или што денеска претставуваат. Тоа би било пожелно од наша страна да не ги избегнуваме нашите, односно да не ги избегнуваме нашите оценки, затоа што тие оценки се важни за утре да се преточуваат во закон. Да видиме дали тука пак имаме разлики, или да се спогодиме, а не повторно и кога закони ќе обликуваме да ни е потребно некој од страна да не советува, евентуално да не мири. Исто и кај верските заедници убаво е тоа отворено да можеме да го кажеме како гледаме на нивната улога и на нивното место во ова општество што сега не се случува преку овој амандман. Убаво е да се знае и својата историја и историјата на религиозните групации. Еве некаков интерес за мене побудува самото ословување. Ние во амандманот за верските заедници ја имаме Еврејската верска заедница. Мило ми е дека тоа тука никој не го спори. Но, мене ме чуди пак во Устав се набележува верската заедница, а во Устав не се набележува народот, на пример во амандман IV. И за мене тоа е проблематично. Јас не гледам дека е тоа конзистентност. Арно ама, малку биле, па денеска и се малкумина припадници на Еврејската група кај нас. Тоа е точно. Но, не биле секогаш и низа години, со векови тие биле на доминантни места во трговијата, доминантни места и во уметноста, во науката. Врз нив се случува погром. Денеска ние наидуваме во еден период кога сакаме да доведеме мир во државата, нив да ги исклучиме од енумерациата во воведниот, или во преамбулата. Токму затоа, бидејки во овој амандмна број VII...

Не е така, вие можеби и сте завршиле, само некои не се. И многу лошо ќе биде, или терсене ќе биде ако тие некои се надвое од оваа сала, немојте. Во овој амандман VII набележана е Еврејската верска заедница и тоа како што таа инсистираше со целосното нејзино име. Еве, ќе признаам дека не сум сега способен него да го повторам, да го репродуцирам, не го знам званичното име. Не го знам, тоа се прифаќа, но потребно е исто така штом веќе тие имаат верска заедница тука, а нивното учење се ограничува на припадници само на тој етнос, па потребно ни е да знаеме. Сакам да ви кажам дека сето ова што се случува во процедурата за промена на Уставот не е конзистентно и се генерира и натаму кон конфликти. А ние тука во оваа сала се обидуваме да глумиме политика, напатни политичари. Нема потреба од тоа. Дајте да бидеме по поштени. Не е тоа за занемарување ако координаторот на втората група по јачина става забелешка околу набележувањето на евангелско методистичката Црква. Некој ќе става забелешка околу Католичката црква. Па убаво е барем да кажеме што ние подразбираме под нив, или колку сме ги сватиле дека постојат, каде се активни, што сработиле и кое е влијанието за Република Македонија денеска и посебно утре. Тоа е наша должност тука тоа да го изнесеме. Тие што незнаат, јас би ги потсетил дека минатите стопеесетина години имаа своја динамика меѓу макеоднците на верски план, односно селењето од една конфесија во друга што се нарекува прозелитизам, воглавно од православни во илијати, не директно римокатолици и нешто во протестанти воглавно од евангелско методистичката црква. Тоа е добро да се има на ум. Реакцијата врз тие луѓе е погубна, врз нив се врши погром, тоа е период на султанска власт. Јас мислам дека сум премногу фин со тоа што вас дваесетина слушатели ем ве поднесувам во салата, ем ве поднесувам да сте немирни, бидејки потребно е јас да имам шеесетина наспроти мене за да мојот настап биде легитимен. Јас си барам збор и мене ми е

потребно да ми се обезбеди во нормални услови да настапам тука, а не пред дваесетина.

Господине потпретседател, како што вчера прекинавме заради немањето кворум, така ќе прекинеме и сега. Некој сака да пишува за теми и да гласа за теми, а не се потрудил ништо околу тие верски аспекти да приучи. Нема да почнам од почеток, тоа е почнато, тоа се веќе завршени, тоа се заокружени системи, тие учења се веќе во финитна форма, јас нема што да додадам ниту на јудаизмот, ниту на христијанското учење, ниту пак на исламот. Единствено ние што се обидуваме да најдеме некаков аранжман преку политиката за тие верски заедници. Јас сметам дека тоа што ни е понудено, не е солидно. Тоа е едното.

А другата страна е што сметам и ви упатив таков предлог дека добро е да се отворат микрофоните за тие кои што учеле за ваквите теми, кои знаат историја, настанување, дејци од тие религии. Тие да кажат како тие би сакале да бидат отсликани верските заедници, а после тоа ние да ја обликуваме тука политичката волја. Исто така сосема ми е нејасно кој тоа започнал да менува нешто околу член 19. Тоа не беше издигнато на никаков бајрак во текот на воените дејствија. Се зборуваше за слободи, не се зборуваше за членот 19. Мислам дека постои некаков план, или постои идеја сиот овој проект да не биде конзистентен. И токму зафаќањето во член 19 може да биде погубно. Јас нема да ја привршам мојата дискусија, јас ќе си барам збор и да продлжам кога ќе имаме нормални услови за работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да коментирам кој што кажал. Ве молам , дозволете, вие се јавивте за процедурално. Јас кажав и на една друга седница, ако тоа го чините , ако сакате броење , ќе се броиме, но тешко ќе работиме.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Господине потпретседателе, мислам дека во салата нема доволен број на пратеници и од тој аспект нема услови за работа. Или повикајте ги пратениците нека влезат во салата за да се преброиме, ако има доволен број да работиме, или прекинете ја седницата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ходникот е надвбр полн, сега што да правиме?

Пратеникот Димитар Батковски бара процедурално прашање.

Процедуралното прашање, приговор не се прифаќа. Ценам дека има доволен број на присутени пратеници во салата.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Пратеникот Чедо Петров бара процедурално.

Процедурално не е во рамките на содржината.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине потпретседателе, нам сосема ни е јасно дека имате задача ова што побрзо да го протуркате. Меѓутоа, има правила по кои што може да работи ова Собрание. Во оваа сала нема повеќе од триесетина пратеници. Предлагам седницата да ја прекинеме, доколку не можете да обезбедите кворум, ако не да продолжиме утре.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Криво броите.

Дали некој друг бара збор.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, г-динот Чедо Петров криво брои, право суди. Треба 61 пратеник за работа, а тука имате триесетина пратеници. Ако сакате пребројте ги. Мислам дека нема услови за работа. Обезбедете кворум, затоа што ние не сме должни два дена работиме по 14 часа. Мислам дека би било во ред сите да имаме почитување еден спрема друг, сите да бидат присутни за да можеме да работиме во нормални услови.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Спанаков веројатно ќе ве вратам за некој ден назад. Јас ова го правев и во друга прилика. Па сега дали ќе одиме на амандман VIII.Продлжуваме со амандман VIII.

(Некои пратеници ја напуштаат седницата)

Дозволете една работа, ако вака демонстративно се напушта седницата, не сакам да имам непријатности. Процедуралните работи оставете ги за друг пат. Ве молам, ако вака се продолжи и пратениците си одат, тогаш јас несакам да правам насилие.

Ја прекинувам седницата. Утре ќе се работи по веќе најавената седница, а продолжението на оваа седница претседателот на Собранието утре ќе ја закаже дали во четврток или во петок .

(Седницата прекина во 20,35 часот).